# Студија за неискористени објекти кои се атрактивни за странски инвеститори



**Изработиле**

**Работен тим од ТУРИСТИКА Скопје:** Дејан Методијески, Оливер Филипоски, Емилија Тодоровиќ, Милена Талеска, Славица Димовска, Чедомир Димовски, Нако Ташков, Кристијан Џамбазовски, Никола Цуцулески, Младен Мицевски.

**Фотографии:** Драган Таневски.

**Архитектонски предлог проекти:** Гордан Петров, Александар Петановски.

**Дизајн:** Стојан Каевски

**Лектор:** Толе Белчев

**Скопје, 2019**

Република Северна Македонија

**Министерство за економија**

Republika e Maqedonisë së Veriut

**Ministria e Ekonomisë**

Сектор за туризам и угостителство

Departamenti i turizmit dhe hotelierisë

**Напомена:** Оваа студија е изработена според Програмата за развој на туризмот за 2019 година. Мислењата и ставовите наведени во оваа содржина не ги одразуваат секогаш мислењата и ставовите на Министерството за економија на Република Северна Македонија.

## СОДРЖИНА


ЛИСТА НА СКРАТЕНИ НАЗИВИ ........ 4

АПСТРАКТ ........ 4

ВОВЕД ........ 5

МЕТОДОЛОШКА РАМКА НА ИЗРАБОТКА НА СТУДИЈАТА ........ 7

I. ПОТЕНЦИЈАЛНИ УЧЕСНИЦИ ВО ТУРИСТИЧКОТО ИСКОРИСТУВАЊЕ НА ОБЈЕКТИТЕ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ........ 10

1. Начини и принципи за туристичко искористување на објектите ........ 11

2. Законодавна рамка ........ 12

3. Стратешки документи ........ 13

4. Преглед и состојба на објектите во Република Северна Македонија ........ 13

II. ПОТЕНЦИЈАЛНИ ТУРИСТИЧКИ ОБЈЕКТИ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА И НАЧИНИ ЗА НИВНО ИСКОРИСТУВАЊЕ И ВКЛУЧУВАЊЕ ВО ТУРИСТИЧКАТА ПОНУДА ........ 15

1. Диспаритетите во развојот на планските региони ........ 15

2. Опис и карактеристики на објектите кои се наоѓаат во Вардарскиот регион ........ 17

А. Офицерски дом во град Велес ........ 18

Б. Дом на културата во с. Криволак ........ 22

В. Старо училиште во с. Ѓуземелци ........ 24

3. Опис и карактеристики на објектите кои се наоѓаат во Југозападниот регион ........ 26

А. Детска градинка во с. Самоков ........ 27

Б. Дрвен комбинат „Караорман“ во с. Враништа ........ 30

В. Куќата на Велковци с. Вевчани ........ 32

4. Опис и карактеристики на објектите кои се наоѓаат во Источниот регион ........ 34

А. Старо радио во град Штип ........ 35

Б. Културен дом во с. Чешиново ........ 39

В. Месна заедница во с. Негрово ........ 41

5. Опис и карактеристики на објектите кои се наоѓаат во Југоисточниот регион ........ 43

А. Интернат на ОУ „Гоце Делчев“ во с. Вељуса ........ 45

Б. Вила во с. Смрдлива Вода ........ 48

В. Стара зграда на радио-телевизија во град Гевгелија ........ 50

6. Опис и карактеристики на објектите кои се наоѓаат во Пелагонискиот регион ........ 52

А. Дом на културата во с. Добрушево ........ 54

Б. Училишна зграда во с. Мојно ........ 57

В. Стара училишна зграда во с. Кривогаштани ........ 59

7. Опис и карактеристики на објектите кои се наоѓаат во Полошкиот регион ........ 61

А. Одмаралиште „Бунец“ во Маврово ........ 62

8. Опис и карактеристики на објектите кои се наоѓаат во Североисточниот регион ........ 65

А. Месна заедница во с. Орашац ........ 66

Б. Конаци на црквата „Св. Богородица“ во с. Матејче ........ 69

В. Зграда на Црвен Крст во Кратово ........ 71

9. Опис и карактеристики на објектите кои се наоѓаат во Скопскиот регион ........ 73

А. Месна заедница во населбата Автокоманда ........ 74

Б. Старо училиште во с. Кучково ........ 77

В. Културен дом во с. Булачани ........ 79

III. МЕРКИ И ПРЕПОРАКИ ЗА ПОНАТАМОШНИ АКТИВНОСТИ ........ 81

1. Мерки и препораки за усогласување на законската регулатива ........ 81

2. Мерки и препораки за идно користење на објектите и нивна промоција ........ 81

ПРИЛОЗИ ........ 83

ЛИТЕРАТУРА ........ 84

## ЛИСТА НА СКРАТЕНИ НАЗИВИ

| | |
|---|---|
| UNWTO | United Nations World Tourism Organization |
| OECD | Organisation for Economic Co-operation and Development |
| АППТРМ | Агенција за промоција и поддршка на туризмот |
| ЗЕЛС | Заедница на единици на локална самоуправа |
| ЛЕР | Локален економски развој |
| СДИ | Странски директни инвестиции |
| WTTC | World Travel & Tourism Council |
| НП | Национален парк |

## АПСТРАКТ


Во оваа студија, направена е анализа на туристичките ресурси односно неискористените објекти кои се наоѓаат на различни локации во Република Северна Македонија, како истите би се понудиле на странски инвеститори. Преку истражувањето, утврдена е погодноста на ресурсите за туристичка валоризација, односно како тие објекти да се користат во функција на туризмот и кои видови туризам би можеле да се развиваат. При утврдувањето на погодноста на секој објект за туристичка експлоатација, покрај степенот на атрактивноста на објектите (неискористени објекти, стари објекти во општините, училишта, детски одморалишта, културни домови и слично), со анализата опфатени се туристичката положба, сообраќајната поврзаност, оддалеченоста од изворите на побарувачката, анализа на демографските и економските предуслови за развој на туризмот, природното и културно наследство, потоа политиката за развој и достигнатиот степен на туристичкиот развој.

При утврдување на туристичкиот потенцијал на неискористените објекти во Република Северна Македонија, посебно внимание во студијата е посветено на нивно рационално, многу внимателно и одржливо користење, проследено со минимално нарушување на природните услови.

Основната цел на оваа студија е туристичка валоризација на неискористените објекти во сопственост на Република Северна Македонија во осумте плански региони и начините и мерките за нивно вклучување во туристичката понуда, со посебен акцент на одржливост и минимални нарушувања на нивните вредности. Специфична цел на студијата претставува мапирање, фотографирање и издвојување на најсоодветните објекти како потенцијални туристички атракции, со предлози за начините на нивно внимателно и одржливо туристичко користење преку презентација на нивните идејни проектни решенија.

Студијата, покрај туристичката валоризација на неискористените објекти, дава мерки и препораки за понатамошни активности поврзани со објектите, како усогласување на законската регулатива и промоција на објектите.

# ВОВЕД

Туризмот претставува показател за нивото на развој на нашата цивилизација, за некои луѓе е начин за подигање на културното ниво и обновување на здравјето или забава, за други можност за заработка, но треба да се одбележи дека туризмот е една од извонредните приказни за успех на денешното време.

Според податоците од Светската Туристичка Организација при Обединетите Нации (UNWTO), доаѓањата на туристи во 2018 година на меѓународно ниво ја достигнале бројката од 1.400 милиони. Туристичката потрошувачка изнесувала 1.700 милијарди американски долари, а туристичката индустрија учествува со 10% во глобалниот бруто домашен производ. Секој десетти вработен човек во светот, е вработен во овој сектор.

Туризмот ќе го задржи своето континуирано и позитивно ниво на развој од изминатите 60 години и во наредниот период. Предвидувањата се движат во правец на кој Европскиот континент, каде припаѓа и Република Северна Македонија, во годините кои следат ќе го држи приматот на светскиот туристички пазар и ќе биде основен извор на туристичка понуда, побарувачка и движење на меѓународни туристи. Според Организација за економска соработка и развој (OECD), туризмот е еден од најголемите и најбрзо растечките сектори во светската економија кој игра важна улога во креирањето на работни места и остварувањето на економски бенефит во дестинациите. Несомнено, феноменот наречен туризам и економските бенефити може да се почувствуваат секојдневно и во Република Северна Македонија. Активностите кои ги презема Министерството за економија и Секторот за туризам и угостителство во насока на создавање позитивни услови за туризмот во земјата во изминатиот период се еден од клучните фактори за развој на оваа гранка од стопанството.

Изминатите години, Република Северна Македонија бележи константен пораст на бројот на туристи и остварени ноќевања. Така, во 2018 година, бројот на туристите изнесува 1 126 935, од кои 37.2% се домашни туристи, а 62.8% се странски туристи. Бројот на ноќевањата во 2018 година изнесува 3 176 808, од кои 53% отпаѓаат на домашните туристи, а околу 47% на странските туристи.

Развојот на туризмот како во светски рамки, така и кај нас води кон нови инвестиции. Во интерес на оваа студија се неискористените објекти на територијата на Република Северна Македонија кои може да бидат понудени на странски инвеститори од областа на туризмот. Странските директни инвестиции (СДИ) претставуваат форма на движење на капитал од една во друга земја. СДИ придонесуваат за креирање на нови работни места и економски раст преку три вида на ефекти врз домашната економија. Директните ефекти на СДИ се поврзани со економските активности на странските компании во земјата. Индиректните ефекти се однесуваат на тоа кога странските компании се снабдуваат со ресурси за производство од локалните снабдувачи, а индуцираните ефекти се појавуваат бидејќи зголемената економска активност на странската компанија и соработката со локалните добавувачи резултира со зголемување на приватната потрошувачка, што понатаму ја стимулира севкупната економската активност. Земјите ширум светот имаат воспоставено различни политики за привлекување на странски инвестиции. Во Република Северна Македонија, постои Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот, а една од целите на оваа институција е презентирање на можностите на туристичките потенцијали на Република Северна Македонија во странство заради поттикнување инвестиции во туризмот.

Прегледот на релевантната современа литературата поврзана со туризмот за потребите на оваа студија, покажа дека, постојат повеќе автори во меѓународни рамки, кои се

занимаваат со директните инвестиции во туризмот и публикувале стручна литература од оваа област. Директните инвестиции и туризмот се тема на повеќе одржани меѓународни конференции на Обединетите Нации. Според Светскиот Совет за патувања и туризам (WTTC), инвестициите во туристичката инфраструктура и особено туристичките објекти се од основно значење за туризмот. Предвидувањата на WTTC за периодот 2015-2025 година, во однос на инвестициите во туризмот бележат позитивни насоки за регионот на Јужна Европа каде се наоѓа и Република Северна Македонија.

Земајќи го предвид константниот раст на патувањата и туризмот, нивната атрактивност и потенцијал за привлекување на странски инвестиции, во годишната програма за развој на туризмот на Република Северна Македонија за 2019 година, подготвена од страна на Министерството за економија вклучена е изработка на студија која ќе ги поврзе неискористените објекти во земјата со странски инвеститори. Основната цел на оваа студија е изготвување на туристичка валоризација на неискористените објекти во сопственост на Република Северна Македонија во осумте плански региони, начините и мерките за нивно вклучување во туристичката понуда и промоција на истите.

# МЕТОДОЛОШКА РАМКА НА ИЗРАБОТКА НА СТУДИЈАТА

Целта на оваа студија е да се направи анализа, мапирање и туристичка валоризација на неискористените објекти кои се наоѓаат на различни локации во Република Северна Македонија, како истите би се понудиле на странски инвеститори. За потребите на студијата, користена е соодветна методологија која произлегува од специфичните цели, односно издвојување на најсоодветните објекти како потенцијални туристички атракции.

Студија за неискористени објекти кои се атрактивни за странски инвеститори е значаен документ кој ги посочува потенцијалите и можностите за туристичко ставање во функција на неискористени објекти во Република Северна Македонија. Чекорите кои беа преземени при изработката на студијата и реализираните активности се следните: Формирање на тим и дефинирање на активности за изработка на студијата; Одржани состаноци и спроведени интервјуа за потребите на студијата (Министерства, региони, општини, НВО); Координативни состаноци со Министерство на економија, Изработка и дистрибуција на електронски прашалник за општините, Преглед на литература и теренски истражувања; Пишување, лектура, превод, дизајн и презентација на студијата.

**Дијаграм 1.** Чекори во изработка на студијата




При изработката на студијата користени се различни истражувачки методи и инструменти како: анализа на содржината на европски и светски студии поврзани со инвестициите и развој на туризмот; анализа на законската регулатива поврзана со туристичката и угостителска дејност; анализа на статистички извештаи поврзани со угостителството и туризмот; квалитативни истражувања (работилници со претставници на локалната самоуправа); спроведување на неструктурирани интервјуа со претставници на локална самоуправа, Министерство за локална самоуправа, Регионални центри, Заедница на единици на локална самоуправа; креативно размислување; теренско истражување со фотографирање; кабинетска анализа на релевантна литература, библиографија и интернет извори; картографска анализа и мапирање на објектите; архитектонски идејни решенија; дизајн, дистрибуција и анализа на електронски прашалник за општините и др. Студијата е изработена согласно постоечката туристичка политика во нашата земја, консултирајќи ги соодветните планови, програми и стратегии на национално, регионално и локално ниво, како и постоечката законска регулатива.

За потребите на студијата користени се секундарни извори на податоци преку консултирањето на релевантна литература од областа на туризмот и архитектурата, како и интернетот. Користејќи го интернетот собрани се материјали како национални стратегии и потстратегии за развој на туризмот, регионални и општински програми за развој, закони кои се директно и индиректно поврзани со туризмот и потребите на оваа студија, кои се анализирани во истражувањето. Главниот метод кој се користи во секундарното истражување е анализа на содржината. Анализа на содржината е истражувачка метода која се користи за систематска оцена на содржината на појавата која се истражува, во нашиот случај содржината на законската регулатива и стратешките документи, како и туристичките потенцијали на регионите.

Примарните податоци кои се собрани преку истражувањето поврзано со оваа студија, доаѓаат од електронскиот прашалник и теренските истражувања. Исто така, одржаните состаноци и спроведените неструктурирани (неформални) интервјуа, доведоа до собирање на податоци кои помогнаа при изработката на прашалникот. За потребите на студијата, со претставници на општините од Источниот плански регион беше направена работилница во која беа објаснети целите на студијата.

Електронскиот прашалник кој е даден во прилог, се користеше како основа за собирање на податоци за објектите и истиот беше поставен на електронската платформа google drive со кратко објаснување на целите на студијата. Истиот содржи 16 прашања и беше испратен по електронски пат до општините во Република Северна Македонија на почетокот на месец јули 2019 година. Прашалникот беше испратен до 80 општини во два наврати. Во првиот наврат, електронскиот прашалник беше испратен од страна на ЗЕЛС до сите 80 општини, односно до раководителите на Сектор ЛЕР при општините. Вториот пат, прашалникот беше испратен до општините, односно до раководителите на Сектор ЛЕР при општините од страна на осумте регионални центри и наменет само за општините во секој регион засебно (Вардарски, Источен, Североисточен, Пелагониски, Североисточен, Југозападен, Полошки и Скопски). На основа на одговорените прашалници 30 и податоците кои ги добивме од страна на општините, во студијата се опфатени вкупно 71 објекти од 28 општини во осумте плански региони во Република Северна Македонија. Општините Врапчиште и Кичево на електронскиот прашалник одговорија дека не располагаат со соодветни објекти за туристичка намена. За потребите на оваа студија, податоци испратија 30 општини од вкупно 80, што претставува 37.5% од општините во земјава. Теренските истражувања од страна на истражувачкиот тим беа реализирани во текот на месец август. Беше направена посета на сите локации и објекти кои ги предложија општините од осумте плански региони. Објектите беа фотографирани и беа премерени нивните димензии. Преку теренското истражување, директно можеа да се соберат реални податоци за состојбата на објектите, сообраќајната поврзаност на истите, како и да се посетат природните и културните вредности кои се наоѓаат во околина на објектите.

Во целокупниот процес на изработка на студијата, реализирани се неколку координативни состаноци со претставници од Министерството за економија – Сектор за туризам и угостителство. На овие состаноци, претставниците од Министерството беа брифирани со тековните и идни активности поврзани со студијата, како истите би дале препораки и насоки за успешна реализација на истражувањето.

Во студијата е направена туристичка валоризација на 22 објект од осумте плански региони во Република Северна Македонија кои можат да бидат понудени на странски инвеститори. За сите објекти, подготвена е лична карта на објектот каде се дадени основните параметри како туристички развој во регионот, локација, природни и културни вредности во регионот, сообраќајна поврзаност, состојба на објектот, површина, локација на google maps, моментална состојба и идна намена со фотографии и архитектонски решенија.

На основа на собраните податоци од примарните и секундарните истражувања за потребите на студијата, дадени се мерки и препораки за понатамошни активности поврзани со објектите, како усогласување на законската регулатива и промоција на објектите на странски инвеститори.

# I. ПОТЕНЦИЈАЛНИ УЧЕСНИЦИ ВО ТУРИСТИЧКОТО ИСКОРИСТУВАЊЕ НА ОБЈЕКТИТЕ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Покрај идните странски инвеститори кои ќе бидат заинтересирани да започнат или да го прошират својот бизнис преку искористување на објектите, потенцијалните учесници во туристичкото искористување на објекти во Република Северна Македонија се следните:

» Министерството за економија, локалните самоуправи, регионалните центри, Министерство за труд и социјална политика, како и Министерството за животна средина и просторно планирање како регулатори и контролори на искористувањето на туристичкиот потенцијал на претходно идентификуваните објекти;

» Невладини организации, Комори и здруженија од областа на туризмот (истражување, документирање, заштита);

» Туристичките агенции како носители на туристичките активности;

» Стопанските и услужните дејности кои директно и индиректно ќе бидат вклучени во работењето на објектите; и

» Локалното население преку вработување во туристичко – угостителските објекти.



# 1. Начини и принципи за туристичко искористување на објектите

Во студијата се дадени 22 објект од осумте плански региони во Република Северна Македонија кои можат да бидат понудени на странски инвеститори. За сите објекти, во личната карта на објектот се дадени основните параметри како туристички развој во регионот, локација, природни и културни вредности во регионот, сообраќајна поврзаност, состојба на објектот, површина, локација на google maps, моментална состојба и идна намена. За сите објекти кои се дел од студијата, се применува принципот на хармонија со опкружувањето, односно користење на материјали и предлог идејни решенија за идната намена на објектот која соодветствува со природното и културно наследство каде што се наоѓа објектот.

За секој објект е дадено идејно решение за идната намена/дејност (хотел, приватно сместување, хостел, ресторан, инфо центар, тренинг центар и др.), како инвеститорите би имале претстава на основа на претходно утврдените критериуми и реални услови, како тој објект би го доживеал својот туристички развој. Направена е анализа на објектите според профил на туристи кои може да го посетуваат, економски услови на локацијата, локално работоспособно население и желба за вклучување во туристички активности според спроведените теренски истражувања.

Во најголем дел, неискористените објекти спаѓаат во групата на објекти со претходна општествена намена (стари одморалишта, домови на култура во селата, стари училишта, задруги и др.) кои треба да се пренаменат во функција на туризмот.

Туристичкото искористување на овие објекти би можело да се спроведе и понуди на странските инвеститори на неколку начини:

- јавно-приватно партнерство;
- концесија или закупнина; и
- продажба.

При одредувањето на најдобриот начин за ревитализација на овие објекти, пожелно е да се прифати индивидуален приод. Имено, голем дел од објектите се наоѓаат во рурални средини каде постои депопулација и миграција на населението, па за овие објекти, на инвеститорите треба да им се понудат одредени поволности и преференцијални услови (село Орашац – Североисточен регион, село Вељуса – Југоисточен регион, село Добрушево – Пелагониски регион, село Самоков – Југозападен регион). За разлика од нив, на пример објекти како Офицерскиот дом во центарот на Велес (Вардарски регион), објектот на Радио Штип (Источен регион) или Месната заедница во населбата Автокоманда во Скопје (Скопски регион), како урбани јадра треба да бидат понудени на инвеститорите под други услови. Исто така, одморалиштето Бунец во Националниот парк Маврово (Полошки регион), би требало да биде понудено на инвеститори со договорни гаранции од страна на инвеститорот за дополнителни инвестиции во иднина.

## 2. Законодавна рамка

Постоечката законска регулатива во Република Северна Македонија која е во интерес на оваа студија, можеме да ја поделиме на директно поврзана со туризмот и индиректно поврзана со туризмот.

Анализата на законската регулатива која е дадена подолу, покажува дека, законите од моментот на донесување до денес имаат претрпено многубројни измени и дополнувања во насока на подобрување на регулативата за интересите и потребите на сите заинтересирани страни.

Законската регулатива која е директно поврзана со туризмот и е од значење за оваа студија е следната:

- Закон за туристичка дејност
- Закон за угостителска дејност
- Закон за туристички развојни зони
- Закон за основање Агенција за промоција и поддршка на туризмот
- Закон за автокампови
- Закон за планински патеки

Покрај законската регулатива и специфичните закони поврзани со туризмот, постојат и голем број правилници кои ја регулираат туристичката и угостителската дејност во земјата. Од законската регулатива која е индиректно поврзана со развојот на туризмот, а е од особено значење за студијата земајќи предвид параметри како локација, сопственост, пренамена и доградба на објектите, природно и културно наследство, анализирани беа следните закони:

- Закон за финансиска поддршка на инвестиции
- Закон за основање на Агенција за странски инвестиции и промоција на извозот
- Закон за градежно земјиште
- Закон за Катастар на недвижности
- Закон за приватизација и закуп на градежно земјиште во државна сопственост
- Закон за градење
- Закон за заштита на културното наследство
- Закон за заштита на природата
- Закон за концесии и јавно-приватно партнерство
- Закон за рамномерен регионален развој

## 3. Стратешки документи

Покрај законската регулатива во нашата земја, при изработката на Студијата земени се предвид и стратешките документи (програми и планови) за развој на национално, регионално и локално ниво. На национално ниво, анализирани се стратегиите кои се однесуваат на туристичкиот развој како:

- Национална стратегија за развој на туризмот на Република Македонија 2016-2020
- Просторен план на Република Македонија – Стратегија за просторен развој
- Стратегија за регионален развој на Македонија 2009-2019
- Национална стратегија за здравствен туризам на Република Македонија, 2012-2018
- Национална стратегија за развој на руралниот туризам на Република Македонија 2012–2017
- Потстратегија за конгресен туризам на Република Македонија
- Потстратегија за спортски туризам на Република Македонија
- Потстратегија за традиции и настани на Република Македонија

На регионално ниво, анализирани се програмите за развој на осумте плански региони во деловите кои се однесуваат за туризмот. Анализирани беа следните програми:

- Програма за развој на Вардарски регион 2015-2019
- Програма за развој на Источен регион 2015-2019
- Програма за развој на Југозападен регион 2015-2019
- Програма за развој на Југоисточен регион 2015-2019
- Програма за развој на Пелагониски регион 2015-2019
- Програма за развој на Полошки регион 2015-2019
- Програма за развој на Североисточен регион 2015-2019
- Програма за развој на Скопски регион 2015-2019

На локално ниво (општинско), анализирани се Стратегиите за локален економски развој (ЛЕР) на општините во кои се наоѓаат предложените објекти. Покрај Стратегиите за ЛЕР, беа анализирани и останати стратешки документи за развој на општините како стратегии за рурален развој, стратегии за туризам, развојни планови изработени преку различни проекти и слично.

## 4. Преглед и состојба на објектите во Република Северна Македонија

Во Република Северна Македонија се наоѓаат голем број на објекти кои не се искористени, а може да бидат потенцијални за странски инвеститори. Овие објекти се наоѓаат во осумте региони во земјата, а тие се следните: Вардарски, Источен, Североисточен, Пелагониски, Североисточен, Југозападен, Полошки и Скопски. Во оваа студија, електронски прашалник пополнија следните општини: Велес, Неготино, Свети Николе, Лозово, Македонски брод, Струга, Вевчани, Штип, Македонска Каменица, Карбинци, Чешиново-Облешево, Зрновци, Делчево, Пехчево, Гевгелија, Валандово, Струмица, Василево, Радовиш, Кривогаштани, Могила, Прилеп, Маврово-Ростуше, Куманово, Липково, Кратово, Ѓорче Петров и Гази Баба. Општините Врапчиште и Кичево на електронскиот прашалник одговорија дека немаат

соодветни објекти за туристичка намена.

На основа на податоците кои ги добивме од страна на општините, во студијата опфатени се вкупно 71 објекти од 28 општини во осумте плански региони во Република Северна Македонија. Според однапред одредени критериуми (сообраќајна поврзаност, моментална состојба на објект, развој на туризмот, природни и културни вредности) од регионите беа одредени по три објекти кои ќе бидат составен дел од студијата. За овие објекти беше направено теренско истражување и истите беа посетени и фотографирани. За еден објект од секој од осумте плански региони во земјата е направен идеен архитектонски проект и истиот преку фотографии и предлог дизајн е внесен во студијата. За сите објекти кои се составен дел од студијата е направена лична карта на објектот со основни податоци поврзани со моменталната негова состојба и идната намена. Треба да се земе предвид, дека најголемиот дел од објектите се градени во периодот на минатиот век, во моментов не се користат, а некои од нив имаат потреба од сериозни инвестиции за реставрација и пренамена во туристички цели.

**Табела 1.** Основни податоци за објектите според општина и регион

| Регион и општини во регионот | Општини кои дале предлог објекти | Број на објекти | Вкупно објекти од регион |
|---|---|---|---|
| **Вардарски (9 општини)** | 1. Велес<br>2. Неготино<br>3. Свети Николе<br>4. Лозово | 4<br>4<br>1<br>4 | 13 |
| **Југозападен (9 општини)** | 1. Македонски брод<br>2. Струга<br>3. Вевчани | 1<br>1<br>3 | 5 |
| **Источен регион (11 општини)** | 1. Штип<br>2. Македонска Каменица<br>3. Карбинци<br>4. Чешиново-Облешево<br>5. Зрновци<br>6. Делчево<br>7. Пехчево | 12<br>1<br>1<br>1<br>1<br>1<br>1 | 18 |
| **Југоисточен (10 општини)** | 1. Гевгелија<br>2. Валандово<br>3. Струмица<br>4. Василево<br>5. Радовиш | 7<br>1<br>1<br>1<br>1 | 11 |
| **Пелагониски (9 општини)** | 1. Кривогаштани<br>2. Могила<br>3. Прилеп | 1<br>4<br>1 | 6 |
| **Полошки (9 општини)** | 1. Маврово-Ростуше | 1 | 1 |
| **Североисточен (6 општини)** | 1. Куманово<br>2. Липково<br>3. Кратово | 1<br>1<br>5 | 7 |
| **Скопски (17 општини)** | 1. Ѓорче Петров<br>2. Гази Баба | 1<br>9 | 10 |
| **Вкупно општини** | 28 | Вкупно објекти | 71 |

Од табелата погоре, може да се забележи, дека според региони, најмногу општини одговориле на електронскиот прашалник и испратиле податоци за неискористени објекти од Источниот регион – 7 општини со 18 објекти, потоа следува Југоисточниот регион со 5 општини и 11 објекти, како и Вардарскиот регион со 4 општини и 13 објекти. Североисточниот, Југозападниот регион и Пелагонискиот регион се застапени со 3 општини, Скопскиот со 2 општини, а од Полошкиот регион само една општина има посочено објект кој може да биде потенцијал и интересен за странски инвеститори од областа на туризмот.

# II. ПОТЕНЦИЈАЛНИ ТУРИСТИЧКИ ОБЈЕКТИ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА И НАЧИНИ ЗА НИВНО ИСКОРИСТУВАЊЕ И ВКЛУЧУВАЊЕ ВО ТУРИСТИЧКАТА ПОНУДА

## 1. Диспаритетите во развојот на планските региони

За подобро креирање на стратегиите за развој на планските региони, како и за споредба на развиеноста помеѓу регионите, во 2008 година е донесена одлука за мерење на степенот на развој на планските региони во Република Северна Македонија. Според оваа одлука, развојниот индекс се утврдува како пондериран просек од економско-социјалниот и демографскиот индекс, при што двата индекси имаат подеднакво учество во креирањето на развојниот индекс.

Ваквите индекси (развојниот, економско-социјалниот и демографскиот) на планските региони покажуваат колку регионите отстапуваат во развојот споредено со просекот на Република Северна Македонија при што:

- Индекс 1 означува дека нивото на развој на планскиот регион е еднакво на просечниот развој на ниво на Република Северна Македонија;
- Индекс поголем од 1 означува дека нивото на развој на планскиот регион е повисоко од просечниот развој на ниво на Република Северна Македонија; и
- Индекс помал од 1 означува дека нивото на развој на планскиот регион е пониско од просечниот развој на ниво на Република Северна Македонија.

Согласно со законската регулатива, ваквата класификација е со важност од пет години.

**Табела 2.** Класификација на планските региони според степенот на развиеност за периодот 2008-2012 година

| Плански регион | Според развојниот индекс | Според економско-социјалниот индекс | Според демографскиот индекс |
|---|---|---|---|
| **Скопски** | 1,48 | 1,86 | 1,25 |
| **Југоисточен** | 0,89 | 1,38 | 0,58 |
| **Пелагониски** | 0,73 | 0,79 | 0,69 |
| **Југозападен** | 0,72 | 0,50 | 0,86 |
| **Полошки** | 0,72 | 0,18 | 1,05 |
| **Вардарски** | 0,69 | 0,63 | 0,73 |
| **Источен** | 0,67 | 0,95 | 0,50 |
| **Североисточен** | 0,56 | 0,33 | 0,70 |

Извор: Одлука за класификација на планските региони според степенот на развиеност за периодот 2008-2012, Службен весник бр.162/2008

Следната класификацијата на планските региони според степенот на развиеноста е донесена за периодот од 2013 до 2017 година е донесена во 2013 година и за разлика од претходната класификација, во новата е променета вредноста на индексот на Република Северна Македонија кој наместо 1, сега изнесува 100.

**Табела 3.** Класификација на планските региони според степенот на развиеност за периодот 2013-2017 година

| Плански регион | Според развојниот индекс | Според економско-социјалниот | Според демографскиот индекс |
|---|---|---|---|
| **Скопски** | 151,0 | 147,7 | 153,5 |
| **Југоисточен** | 97,1 | 129,5 | 72,4 |
| **Источен** | 96,1 | 136,4 | 65,5 |
| **Пелагониски** | 91,2 | 109,1 | 79,6 |
| **Полошки** | 82,4 | 50,0 | 106,9 |
| **Југозападен** | 81,4 | 97,7 | 69,0 |
| **Вардарски** | 73,5 | 70,5 | 75,9 |
| **Североисточен** | 62,7 | 27,3 | 89,7 |

Извор: Одлука за класификација на планските региони според степенот на развиеност за периодот 2013-2017, Службен весник бр. 88/2013

Во декември 2018 година е донесена најновата класификацијата на планските региони според степенот на развиеноста за периодот од 2018 година до 2023 година

**Табела 4.** Класификација на планските региони според степенот на развиеност за периодот 2018-2023 година

| Плански регион | Според развојниот индекс | Според економско-социјалниот индекс | Според демографскиот индекс |
|---|---|---|---|
| **Скопски** | 151,0 | 147,7 | 153,5 |
| **Југоисточен** | 97,1 | 129,5 | 72,4 |
| **Источен** | 96,1 | 136,4 | 65,5 |
| **Пелагониски** | 91,2 | 109,1 | 79,6 |
| **Полошки** | 82,4 | 50,0 | 106,9 |
| **Југозападен** | 81,4 | 97,7 | 69,0 |
| **Вардарски** | 73.5 | 70,5 | 75,9 |
| **Североисточен** | 62,7 | 27,3 | 89,7 |

Извор: Одлука за класификација на планските региони според степенот на развиеност за периодот 2018-2023, Службен весник бр. 234/2018

Анализирајќи ги развојните индекси на планските региони во Република Северна Македонија може да се увиде дека единствено Скопскиот плански регион се карактеризира со натпросечен степен на развој, додека сите други региони се под националниот просек. Притоа, разликата меѓу Скопскиот и вториот по развиеност - Југоисточниот плански регион е значајна, додека пак разликата во развојот помеѓу Скопскиот и последниот по развиеност - Североисточниот плански регион е исклучително голем.

Најголем скок во развојот се забележува кај Источниот регион кој во периодот од 2008-2012 година се наоѓа на претпоследното, 7–мо место со индекс на развој од 0,67, за да во

периодот од 2013-2017 и 2018-2023 година, скокне на третото место, веднаш по Скопскиот и Југоисточниот регион (96,1 развоен индекс). Останатите плански региони (Пелагониски, Полошки, Југозападен и Вардарски) се одликуваат со слични развојни индекси, меѓутоа има значајни разлики меѓу економско-социјалниот и демографскиот индекс што треба да се земе предвид при креирање на мерките за поттикнување на развојот на регионите.

## 2. Опис и карактеристики на објектите кои се наоѓаат во Вардарскиот регион

Вардарскиот регион го зафаќа централниот дел на Република Северна Македонија и го опфаќа средното сливно подрачје на реката Вардар, долните теченија на притоките Брегалница и Црна Река и крајниот западен дел од Овчеполската котлина.

Зафаќа површина од 4042 км$^2$ или 16% од територијата на Република Северна Македонија, а во него влегуваат 9 општини со вкупно 215 населени места. Според пописот на населението од 2002 година, Вардарскиот регион има 154 535 жители, односно само 7.6 % од вкупното население и со своите 38 ж/км² претставува најретко населениот регион во Северна Македонија.

Вардарскиот регион има одлична сообраќајна поврзаност. Овде поминува еден од најзначајните патишта кои што ја поврзуваат Северна Македонија со останатите земји. Преку коридорот 10 и автопатот А1 регионот е поврзан со сите делови од земјата. Низ Вардарскиот плански регион минува и дел од железничката линија Скопје–Велес–Гевгелија–граница со Грција, како и дел од линијата Велес–Битола, линијата Градско–Сивец и дел од линијата Велес–Кочани. Во овој регион се лоцирани три аеродроми за стопанска авијација (Пеширово – Свети Николе; Црвени брегови – Неготино и Росоман – Кавадарци), а бидејќи регионот граничи и со Скопскиот плански регион има и релативно добар и брз пристап кон аеродромот во Скопје.

Богатството на водни ресурси-реки и вештачки езера, поволните климатски услови, како и специфичната геоморфолошка конфигурација на теренот, претставуваат главни предуслови овој регион да биде препознатлив по производството на овошје и винова лоза со карактеристично географско потекло. Како резултат на ова, во овој регион се концентрирани најголем дел од винарските визби и преработувачките капацитети за винова лоза во Република Северна Македонија. Регионот исто така се одликува и со значајно природно и културно–историско наследство кое треба да се стави во функција на креирање препознатливост на овој плански региони.

Од обилното природно наследство во регионот, посебно се издвојуваат:

» Планини: планинскиот масив Јакупица и планината Кожуф со Ски центарот;

» Заштитените подрачја: природниот резерват „Тиквешко Езеро“; споменикот на природата „Демир Капија“; флористичкиот локалитет Орлово Брдо;

» Пештери: Пештера Макаровец; Пештера Бела Вода; Пештера Горен Змејовец; Арамиска Пештера; Пештера Дамјаница; Пештера Црквиче; Пештера Извор на р. Бабуна и др.

» Палеонтолошките локалитети: Караслари; Превалец и Калница

» Ѓаволски ѕид и др.

Од културно–историското наследство ќе го издвоиме:

» Археолошки наоѓалишта: Стоби, античкиот град чие име најрано се спомнува во 197 год п.н.е.; Градиште - Била Зора, пајонски град од периодот на раната антика;

Градиште-Антигонеа, антички град; Абдови Карпи, населба од римско време; Мрамор, населба од времето на неолитот; и многу др.

» Цркви и манастири: манастирот „Св. Архангел Михаил“; манастирот „Св. Ѓорѓи“ попознат како Полошки манастир; пештерската црква Св. Никола (позната како Маркова црква); црквата Св. Пантелејмон и многу др.

» Спомен куќи: Спомен куќа на Кочо Рацин; Спомен куќа на Васил Главинов; Спомен куќа на Јордан Хаџи Константинов-Џинот; Спомен куќа на Страшо Пинџур; Спомен куќа на Петар Поп Арсов; Спомен куќа – седиште на президиумот на АСНОМ и др.

» Манифестации и настани: Тиквешки гроздобер; Св. Трифун; Рацинови средби; Вардарска регата; Соби; и др.

# А. Офицерски дом во град Велес

| Лична карта на објект Офицерски дом | |
|---|---|
| Работно име на проектот | Младински хостел и ресторан |
| Регион | Вардарски |
| Општина | Велес |
| Населено место | Велес |
| Објект | Офицерски дом |
| Сопственост | Општина Велес |
| Локација според google maps | 41.717591, 21.777505 |
| Дејност на објектот | Празна зграда |
| Препорака за идна дејност | Хостел и ресторан |

Објектот кој е предмет на студијата се наоѓа во градот Велес, Општина Велес.

Општина Велес е сместена во централното подрачје на Република Северна Македонија, во горното повардарје. Зафаќа површина од 427,45 $км^2$ и опфаќа 29 населени места, односно 1 градска населба и 28 рурални населби. Според пописот од 2002 година на територијата на општината живеат вкупно 55.108 жители, со просечна густината на населеноста од 42 жители на $км^2$.

Во однос на сообраќајната поврзаност, општина Велес претставува значаен сообраќаен јазол каде што се вкрстуваат најважните патни и железнички сообраќајни правци на меѓународниот сообраќаен коридор.

Велес по својата местоположба, амфитеатралност и со старата градска архитектура е еден од најатрактивните градови во целата наша земја. Лежи на двата брега на реката Вардар, вгнезден на ридовите кои претставуваат дел од страните на таканареченото велешко речно проширување. Првата населба на овие простори започнала да се формира на местото на вливот на реката Тополка во Вардар. Се претпоставува дека тука се наоѓала тврдината на пеонскиот град Вила Зора која, заедно со стариот град кој се протегал на обете страни на реките Вардар и Тополка, опстојувала и во времето на Римското царство, односно во III век од н.е. Во текот на историјата градот ги менувал господарите, а за време на Турската империја тој се викал Киприли, или град на мостови, бидејќи во тој период се претпоставува дека преку Вардар минувале дури осум моста. Во XIX век тој бил еден од најголемите трговски центри во Македонија и броел повеќе од 20.000 жители, а денес во него живеат 43.716 жители.

Од природните туристички ресурси, покрај реките Вардар, Тополка и Бабуна, ќе го издвоиме

и вештачкото езеро „Младост”.

Во однос на културно-историските знаменитости, најзначајни се: црквите Св. Димитрија и Св. Никола. Од ориенталната култура пак, карактеристични се Црната џамија и Белата џамија. Во централното градско подрачје доминира Саат-кулата која е мошне атрактивна и привлечна. Во чест на Коста Солев Рацин, овде секоја година се одржува поетската манифестација Рацинови средби, а неговата родна куќа е претворена во спомен-музеј. Во непосредна близина на градот, се наоѓа и прочуениот локалитет Стоби. Тоа е антички град кој е подигнат од страна на Филип II Македонски во 359 година пр. н.е.



## МОМЕНТАЛНА СОСТОЈБА





## ПРЕДЛОГ ПРОЕКТ



## б. Дом на културата во с. Криволак

| Лична карта на објект Дом на култура во с. Криволак | |
|---|---|
| Работно име на проектот | Транзитен мотел |
| Регион | Вардарски |
| Општина | Неготино |
| Населено место | с. Криволак |
| Објект | Дом на култура |
| Сопственост | Општина Неготино |
| Локација според google maps | 41.527118, 22.120457 |
| Дејност на објектот | Дом на култура |
| Препорака за идна дејност | Мотел и ресторан |

Објектот кој е предмет на студијата се наоѓа во селото Криволак, Општина Неготино. Општина Неготино е лоцирана во централниот дел од Република Северна Македонија, во областа на средното повардарје, поточно во источниот дел од Тиквешката котлина. Зафаќа површина од 414 $км^2$, и опфаќа 19 населени места, односно 1 градска населба и 18 рурални населби. Согласно извршениот попис во 2002 година, во Општина Неготино живеат 19.212 жители или 0,95% од вкупното население во Република Северна Македонија, додека пак просечната густината на населеноста изнесува 46,5 жители на $км^2$.

Низ територијата на општина Неготино поминува меѓународниот коридор А-1 (трансферзалата север-југ) и регионалниот пат Р-107. Преку автопатот М-1 општината е поврзана со другите општини и тоа во правец на југ со Демир Капија, Гевгелија и понатаму со Република Грција, а во правец на север со општините, Росоман, Градско, Велес, Скопје и понатаму земјите од Западна Европа. Преку регионалниот пат Р-107 општината Неготино на исток е поврзана со Штип, Кочани и Благоевград-Р. Бугарија, а на запад со Кавадарци, Прилеп и Битола. Преку Р1103 градот Неготино е поврзан со Криволак и Пепелиште. Постојните локални патишта го поврзуваат градот Неготино со населените места: Паликура, Курија, Тремник и преку Тимјаник со Долни Дисан. Со општините Конопиште и Конче нема директна асфалтна врска.

Селото Криволак се наоѓа во Тиквешката Котлина, во близина на градот Неготино, непосредно од десната страна на реката Вардар. Тоа е рамничарско село, кое лежи на надморска височина од 125 метри, во еден голем крив лак (меандер) на реката Вардар. Атарот на селото зафаќа површина од 21 $км^2$, а од градот Неготино е оддалечено само 6 километри. Според пописот од 2002 година, во него живеат 1021 жители.

Селото Криволак е старо село, неговата извонредно значајната местоположба условила во него да има живот и население уште од дамнешни времиња, за што сведочат и многубројните археолошки пронајдоци и локалитети во недалечната околина. Во однос на настанокот, не се знае точниот датум, но се верува дека постоело уште пред доаѓањето на Турците османлии. Од културно историските знаменитости, тука се археолошките наоѓалишта: Чифлик, населба од доцноантичкото време, на околу 3,5 километри северно од селото и Тошова Лака, населба и некропола од доцноантичкото време, кој се наоѓа на просторот помеѓу железничката пруга и асфалтниот пат, како и црквата „Св. Вознесение Христово“.

Селото е инфраструктурно и сообраќајно добро опремено и поврзано. Криволак лежи на патот кој води од Неготино во долината на реката Крива Лакавица каде што се составува со патот Штип - Радовиш. А низ него води и железничката пруга Скопје – Гевгелија, со станица во Криволак.



## МОМЕНТАЛНА СОСТОЈБА



# в. Старо училиште во с. Ѓуземелци

| Лична карта на објект Старо училиште во с. Ѓуземелци | |
|---|---|
| Работно име на проектот | Младински тренинг центар |
| Регион | Вардарски |
| Општина | Лозово |
| Населено место | с. Ѓуземелци |
| Објект | Старо училиште |
| Сопственост | Општина Лозово |
| Локација според google maps | 41.826086, 21.876913 |
| Дејност на објектот | Старо училиште |
| Препорака за идна дејност | Младински тренинг центар |

Објектот кој е предмет на студијата се наоѓа во селото Ѓуземелци, Општина Лозово. Општина Лозово се наоѓа во североисточниот дел на Република Северна Македонија, во подножјето на овчеполската котлина. Таа спаѓа во групата на помали општини и зафаќа површината, 165 км$^2$, а ја сочинуваат само 11 населени места, сите рурални. Според пописот од 2002 година, вкупниот број на жители изнесува 2858, додека пак просечната густина на населеност е 17,3 жител на км$^2$.

Општина Лозово има добра сообраќајна поврзаност, низ неа минува експресниот пат Велес - Кочани (стариот магистралниот пат М5), како и железничката линија Велес-Кочани.

Селото Ѓуземелци се наоѓа во Овче Поле, на околу 6 км од селото Лозово, а на околу 7,5 км од Штип. Тоа е рамничарско село, кое лежи на надморска височина од околу 370 метри. Според пописот од 2002 година, селото имало население од 40 жители.

Има слаба инфраструктурна и сообраќајна поврзаност, но пак затоа селото и околината изобилуваат со природни и културни знаменитости, тука се археолошките локалитети Голем Рид, населба од доцноантичко време, во непосредна близина на стариот пат што води за Свети Николе поточно на оддалеченост од околу 1,5 км југоисточно од селото; Ќерамидница, населба од неолитско и доцноантичко време, на 500 м југоисточно од селото; Црна Црква, остатоци од средновековна цркви со некропола, на 150 м североисточно од селото; како и црквите Св. Ѓорѓи - црква од 16 век; црквата Св. Илија; црквата Вознесение Христово.



## МОМЕНТАЛНА СОСТОЈБА



## 3. Опис и карактеристики на објектите кои се наоѓаат во Југозападниот регион

Југозападниот регион ги опфаќа басените на Охридско – струшката Котлина со Охридското Езеро, Кичевската и Дебарската Котлина и Областа Поречие, со сливните подрачја на реките Треска и дел од Црн Дрим. Во овој регион влегуваат 9 општини: Охрид, Дебарца, Струга, Вевчани, Центар Жупа, Дебар, Кичево, Пласница и Македонски Брод, со 286 населени места, од кои 281 рурални и 5 урбани населби (Охрид, Струга, Кичево, Дебар и Македонски Брод). На површина од 3340 $км^2$ живеат околу 222.064 жители со просечната густина од 66,4 жители/$км^2$.

Регионот се граничи со Република Албанија и инфраструктурно е поврзан со останатите региони во земјата, а преку Охридскиот аеродром и со светот.

Југозападниот регион претставува вистинска збирка на природни убавини и ризница на културно историски знаменитости, а со тоа и плодна почва за развој на различни видови туризам.

Од природните атрактивности се издвојуваат:

- Планини: Јабланица (2259 м.н.в.), Стогово (2268 м.), Галичица (2254 м.), Мокра Планина со Солунска Глава (2540 м.), Даутица (2178 м.), Сува Гора, Караорман, Сува Планина, Челоица, Песјак, Буковиќ и др.
- Пештери: Славонски Извор и Пешна во Поречие, Самоска Дупка на Галичица и др.
- Реки: Црн Дрим, Треска, Сатескаи др.
- Извори: Острово, Шум, Билјанини извори, изворот на р. Треска кај с. Извор, Белички извори, Вевчански извори и др.
- Езера: најголемото езеро во Македонија, Охридското езеро, вештачките езера: Глобочичко, Дебарско, езеро Козјак, планинските езера: Вевчанско, Подгорско, Горно и Долно Лабунишко Езеро.
- Бањи: Дебарските бањи
- Националниот парк Галичица
- Природниот резерват Јасен и други.

Од богатото културно наследство во регионот се издвојуваат:

- Охрид: Св. Софија, Св. Пантелејмон, Св. Богородица Перивлепта, Св. Јован Канео, Св. Еразмо, Св. Никола Болнички, Св. Наум Охридски, Климентовата црква на Плаошник и многу други, Самоиловата тврдина, Античкиот театар Старата чаршија, музеи итн.
- Струга: црквата Св. Ѓорѓи, манастирскиот комплекс во село Калишта, Природно научниот музеј, куќата на Миладинови итн.
- Кичево, објектите Китино Кале, Св. Богородица Пречиста или Крнински манастир, манастир Св. Ѓорѓи во с. Крушино, црква Св. Петар и Павле и др.
- Дебар: манастир Св. Ѓорѓи во с. Рајчица.
- Македонски Брод: Девини Кули, Св. Богородица кај с. Манастирец и др.
- Центар Жупа: куќата на Кемал Ататурк во село Коџаџик

Во југозападниот регион се одржуваат голем број настани и манифестации: Охридско лето,

Струшки вечери на поезијата, Охридски пливачки маратон, Балкански фестивал на народни песни и ора, Прличеви беседи, Вевчански карневал, Богојавление и др.

Во овој регион регистрирани се околу 255 хотели, хостели, вили, апартмани, пансиони, конаци и куќи кои изнајмуваат соби, потоа над 400 кафеани и ресторани, 20 туристички агенции и др.

# а. Детска градинка во с. Самоков

| Лична карта на објект Детска градинка во с. Самоков | |
|---|---|
| Работно име на проектот | Авантуристички хотел |
| Регион | Југозападен |
| Општина | Македонски Брод |
| Населено место | с. Самоков |
| Објект | Детска градинка |
| Сопственост | Општина Македонски Брод |
| Локација според google maps | 41.682962, 21.147371 |
| Дејност на објектот | Градинка |
| Препорака за идна дејност | Сместување со кафетерија |

Објектот кој е предмет на студијата се наоѓа во селото Самоков, општина Македонски Брод, во областа Порече. Се наоѓа на 600 м надморска висина, во западниот висок планински дела на општината, на левата страна на реката Треска. Во атарот на селото преовладуваат шуми, но има и пасишта и обработливо земјиште. До селото има асфалтен пат кој се двои од регионалната делница Македонски Брод – Скопје.

Селото изобилува со прекрасни пејзажи, чист воздух и недопрена природа, а со тоа нуди одлични услови за развој на алтернативни туристички форми, пред се на љубителите на природата.

Од културните знаменитости во селото и околината може да се наведат: Градиштето од доцно античко време – Кале и црквите Св. Илија и Св. Теодор Тирон кои се наоѓаат во селото.

Во селото и околина нема угостителски објекти кои нудат услуга за сместување, најблиските објекти – рибник и ресторан се наоѓа на околу 13 км оддалеченост. Изградбата на објект за сместување и услуга за појадок е одлична можност за привлекување посетители – љубители на недопрената природа.



## МОМЕНТАЛНА СОСТОЈБА





## ПРЕДЛОГ ПРОЕКТ



# **б.** Дрвен комбинат „Караорман“
## во с. Враништа

| Лична карта на објект Дрвен комбинат „Караорман“ | |
|---|---|
| Работно име на проектот | Аква парк |
| Регион | Југозападен |
| Општина | Струга |
| Населено место | с. Враништа |
| Објект | Дрвен комбинат |
| Сопственост | Општина Струга |
| Локација според google maps | 41.207201, 20.654807 |
| Дејност на објектот | Дрвен комбинат |
| Препорака за идна дејност | Аква парк |

Селото Враништа (Враниште) се наоѓа во областа Дримкол во општина Струга, на само 4 км оддалеченост од градот. Дел од ова рамничарско село е распространето на самиот регионален пат Струга-Дебар, во близина на коритото на реката Црн Дрим и со тоа има одлична инфраструктурна поврзаност. Атарот на селото зафаќа површина од 5,8 $км^2$ и целосно му припаѓа на земјоделско земјиште.

Во селото и неговата околина има бројни културни знаменитости: археолошките локалитети: Горна Црква, Долно Ливаѓе, Кортиниче, Кралој Загони, Ливатче, Црквени и Шумски ливади и други; црквите: Св. Никола, Св. Богородица-Пречиста, Св. Петка, Св. Кузман и Дамјан, параклиси посветени на Св. Архангел Михаил и Св. Атанасиј Велики и др.

Близината на Охридското езеро, реката Црн Дрим и една од најраскошните планини во земјата – Јабланица, како и Вевчанските извори го прават селото и неговата околина привлечно за туристите. На само неколку километри од селото, во градот Струга може да се најдат најразлични угостителски објекти за сместување, исхрана и забава за сечиј вкус.

Изградбата на аква парк на местото на некогашниот Дрвен комбинат ќе придонесе за пополнување на комплетната туристичка слика на селото Враништа и неговата околина.



## МОМЕНТАЛНА СОСТОЈБА



# в. Куќата на Велковци с. Вевчани

| Лична карта на објект Стара библиотека и полициска станица (куќата на Велковци) | |
|---|---|
| Работно име на проектот | Хостел |
| Регион | Југозападен |
| Општина | Вевчани |
| Населено место | с. Вевчани |
| Објект | Стара библиотека и полициска станица |
| Сопственост | Општина Вевчани |
| Локација според google maps | 41.241180, 20.593116 |
| Дејност на објектот | Полициска станица и Библиотека |
| Препорака за идна дејност | Младински хостел |

Општина Вевчани е сместена под падините на планината Јабланица, во југозападниот дел на Република Северна Македонија. Се наоѓа на само 15 километри оддалеченост од Охридското Езеро.

Територијата на општината изобилува со голем број природни реткости и локалитети, а посебен белег му дава водата, која може да се види насекаде, но најдоминантна е во локалитетот „Вевчански извори“ кој е споменик на природата. Вевчани е единственото населено место во истоимената општина. Познато е по културното богатство, како што е старата архитектура и неколкуте цркви, манастири и параклиси. Во Вевчани најголемата туристичка атракција е манифестацијата „Вевчански карневал“ која се одржува традиционално повеќе од 1000 години.



## МОМЕНТАЛНА СОСТОЈБА



## 4. Опис и карактеристики на објектите кои се наоѓаат во Источниот регион

Источниот регион го опфаќа сливното подрачје на реката Брегалница и зафаќа површина од 3537 км² или 14.2% од територијата на Република Северна Македонија. Источните граници на регионот ја делат границата со Република Бугарија, северната граница со Североисточниот плански регион, на запад со Вардарскиот плански регион, а на југ со Југоисточниот плански регион. Овој регион е составен од 11 општини (Берово, Виница, Делчево, Зрновци, Карабинци, Кочани, Македонска Каменица, Пехчево, Пробиштип, Чешиново-Облешево и Штип), и во негов состав влегуваат 217 населени места, од кои 209 рурални и 8 урбани населби (Штип, Пробиштип, Кочани, Виница, Македонска Каменица, Делчево, Пехчево и Берово).

Источниот регион, по туристичкиот развој заостанува во однос на другите региони и сè уште не е препознаен како атрактивна дестинација, иако овој регион располага со значајни природни ресурси и интересно културно-историско наследство, што претставува одлична основа за развој на туризмот.

Карактеристично за источниот регион е тоа што тој има речиси четири пати помал пораст на населението во споредба со порастот на населението во земјата и според пописот на населението од 2002 година, во овој регион живеат 181 858 жители, односно 51 ж/км².

Иако Источниот плански регион изобилува со бројни и разновидни природни вредности, сепак, овие вредности и појави, со исклучок на неколку, не се од национално или пошироко значење во смисла на раритетност и уникатност. Најкарактеристични природни вредности овде се:

- » Планините: Осоговски Планини со врвовите Царев Врв (2085 m) и Руен (2252 m), Планината Плачковица, Планината Влаина, Малешевски Планини, Огражден, Голак со Обозна, Конечка Планина (Серта) и некои други помали планини, кои нудат одлични можности за голем број спортско-рекреативни активности;
- » Спортско-рекреативниот центар Пониква;
- » Туристичката населба Суви Лаки на планината Огражден;
- » Лесновскиот кратер, кој се наоѓа во западниот дел на Осоговските Планини и претставува еден од најдобро сочуваните фосилни вулкански кратери во Република Северна Македонија и на Балканскиот Полуостров;
- » Кањонот Камник на Кошевска река. Кањонот има должина од околу 1,5 км и длабочина од само неколку десетици метри;
- » Езерата: Калиманци, Беровско (Ратевско) Езеро и езерото Гратче, кои за разлика од другите помали езера овде, имаат најголем туристички потенцијал;
- » Термоминералните извори и бањите: Кежовица или Штипска Бања се наоѓа на околу 2 км од центарот на Штип кај населбата Ново Село; Бања во селото Бање (Кочанска Бања) се наоѓа 7 км западно од Кочани; Истибања се одликува со големо богатство од геотермални води. Сите наведени локалитети располагаат со многу квалитетни геотермални води, а покрај тоа имаат одлична положба и достапност.

Источниот плански регион, поседува и богато и разнообразно културно–историско и археолошко наследство и вредности, од кое ќе ги истакнеме следните локалитети:

- » Археолошки локалитети: античкиот град Баргала, кај с. Карбинци во близина на Штип, локалитетот Црквиште кај с. Мородвис во близина на Кочани; архелошкиот локалитет Виничко Кале, надалеку познат по теракотните икони; средновековната

тврдина Исар во Штип; Грнчарица - Крупиште, најстарата неолитска населба во Македонија; и многу други

» Цркви и манастири: Св. Богородица - Ново Село, Св. Никола – Штип, Лесновски манастир, Св. Архангел Михаил – Берово, Рождество на Пресвета Богородица – Берово, Св. Ѓорѓи - Горни Козјак, Св. Богородица - Балаклија во Делчево, Св. Василиј Велики – Пониква, Св. Никола –Штип. Св. Ѓорги и Св. Пантелејмон – Кочани, Успение на Пресвета Богородица – Берово, Св. Архангел Михаил – Драмче се сакрални објекти кои се издвојуваат како атрактивности со највисок потенцијал.

» Музеи: Градскиот музеј во Штип; Музејот во Берово; Музејот во Делчево; Музејот во Виница; Музејот на дејците на ВМРО од Штип и Штипско, Ново Село, Штип; Спомен-дом на Разловечкото востание во Разловци – Делчево; Етно куќа и градски музеј во Кочани, Етно–куќа во с. Мородвис – Зрновци;

» Манифестации и настани: Обичајот „Четрсе“ во Штип; Макфест – Штип; Пастрмајлијада – Штип; Пијанечко – малешевска свадба – Делчево; Етно фестивал во Берово; Кочански денови на оризот – Кочани; Гоцеви Денови; Истибањско здраваживо – Виница; Фестивал на дувачки оркестри – Пехчево; и многу други;

# А. Старо радио во град Штип

| Лична карта на објект Старо радио-Штип | |
|---|---|
| Работно име на проектот | Панорамски ресторан |
| Регион | Источен |
| Општина | Штип |
| Населено место | Штип |
| Објект | Старо радио-Штип |
| Сопственост | Општина Штип |
| Локација според google maps | 41.735891, 22.195280 |
| Дејност на објектот | Радио |
| Препорака за идна дејност | Ресторан и сувенирница |

Објектот кој е предмет на студијата се наоѓа во градот Штип, општина Штип.

Општината Штип се наоѓа во средното сливно подрачје на реката Брегалница, во центарот на Источна Македонија. Зафаќа површина од 583 $км^2$ на која, според пописот од 2002 година, живеат 47 796 жители. Се граничи со седум општини и тоа: Радовиш, Конче, Неготино, Градско, Лозово, Св. Николе и Карбинци. Подрачјето на Штип е претежно со планинска и ридска местоположба, со исклучок на Кочанската, Овчеполската и Лакавичката котлина, односно долините на реките Брегалница и Лакавица.

Низ општина Штип минува магистралниот пат А-3 Штип-Кочани-Делчево (во изградба е експресен пат), кој е поврзан со автопатот А1 (Скопје - Гевгелија) преку новиот автопатот А4 (Штип-Св. Николе-Миладиновци-Петровец-Скопје), како и преку магистралниот патен правец Штип – Велес. Преку магистралниот патен правец Штип – Велес постои и врска со А2.

Градот Штип, претставува центар на источна Република Северна Македонија и во него живеат 43.652 жители, или 91,3 % од вкупното население во општината. Тој е еден од најстарите градови во Република Северна Македонија, кој во античкиот период, се нарекувал Астибо додека во рановизантискиот период се викал Стипион.

Од природните ресурси важни за туризмот, како најкарактеристична би ја споменале бањата "Кежовица", која се наоѓа југозападно од Штип, како и северозападните падини на планината Плачковица кои преставуваат вистински планински туристички локалитет.

Додека пак од културно-историските споменици најзначајно е Штипското кале наречено уште и Исар, кое потекнува од средновековниот период. Помеѓу 1332 и 1377 година овде биле изградени и четири цркви кои биле посветени на Св. Архангел Михаил, Св. Никола, каде што денес се наоѓа Соборната црква, на Св. Василие и на Св. Јован Крстител. Значајни се уште и црквите Св. Спас, која датира од втората половина на XIV век и Успението на Св. Богородица, кои се наоѓаат во непосредна близина на Штип. Од времето на турскиот период најатрактивен е Безистенот за кој се смета дека е изграден помеѓу XVI и XVII век како и Хуса Медин-пашината џамија. Сепак, најголема атракција претставуваат остатоците од некогашниот антички град Баргала кој се наоѓаат на устието на малата рекичка Козјак во поголемата Брегалница, а потекнува од IV век од н.е.



## МОМЕНТАЛНА СОСТОЈБА









# б. Културен дом во с. Чешиново

| Лична карта на објект Културен дом во с. Чешиново | |
|---|---|
| Работно име на проектот | Сместување, ресторански дел и инфо центар |
| Регион | Источен |
| Општина | Чешиново-Облешево |
| Населено место | Чешиново |
| Објект | Културен дом |
| Сопственост | Општина Чешиново-Облешево |
| Локација според google maps | 41.868816, 22.286092 |
| Дејност на објектот | Културен дом |
| Препорака за идна дејност | Сместување, ресторански дел и инфо центар |

Објектот кој е предмет на студијата се наоѓа во с. Чешиново, општина Чешиново-Облешево. Општината Чешиново-Облешево се наоѓа во рамничарскиот дел на Кочанското Поле. Го зафаќа просторот во средното сливно подрачје на реката Брегалница, во подножјето на планините Осогово и Плачковица. Зафаќа површина од 133,5 км$^2$, на нејзината територијата живеат вкупно 7.490 жители (попис 2002 година), додека пак просечната густина на населението изнесува 56,6 жители на 1 км$^2$.

Сообраќајната поврзаност на општината Чешиново-Облешево е солидна, низ неа поминува магистралниот пат М5 кој ја поврзува Република Северна Македонија со Република Бугарија. Сите населени места во општината се поврзани со локални патишта. Должината на локалната патна мрежа во општината изнесува 71,7 км. Низ општината поминува и железничка пруга, со станица во населеното место Чешиново.

Селото Чешиново се наоѓа на оддалеченост од 13 км од градот Кочани, во Кочанската Котлина, на надморска височина од 290 м. Во него, според пописот од 2002 година живеат 998 жители. Инфраструктурно тоа е добро опремено, во рамките на селото функционира матична служба, пошта и аптека, а овде работат и две амбуланти.

Селото и околината изобилуваат со природни и културни знаменитости.



## МОМЕНТАЛНА СОСТОЈБА



# в. Месна заедница во с. Негрово

| Лична карта на објект Месна заедница во с. Негрово | |
|---|---|
| Работно име на проектот | Сместувачки, ресторански и тренинг центар |
| Регион | Источен |
| Општина | Пехчево |
| Населено место | с. Негрово |
| Објект | Месна заедница |
| Сопственост | Општина Пехчево |
| Локација според google maps | 41.776313, 22.896016 |
| Дејност на објектот | Месна заедница |
| Препорака за идна дејност | Сместувачки, ресторански и тренинг центар |

Објектот кој е предмет на оваа студија се наоѓа во селото Негрево, Општина Пехчево.

Општина Пехчево се наоѓа во североисточниот дел на Малешевската Котлина, на превалот помеѓу Беровската и Делчевска Котлина. Зафаќа површина од 207 км$^2$, а во рамките на општината функционираат 8 населени места, седум рурални населби и една градска населба (Пехчево). Според потписот од 2002 година општината имала 6150 жители.

Општината има релативно добра сообраќајна поврзаност, со внатрешноста на државата и останатите административни, стопански и културни центри општината комуницира преку два регионални патни правци: Берово-Виница-Кочани; и Делчево-Пехчево-Берово-Струмица.

Селото Негрево се наоѓа во областа Малешевија, во горното сливно подрачје на реката Брегалница, недалеку од градот Пехчево (3 км). Селото е планинско и се наоѓа на просечна надморска височина од околу 1.050 метри. Селото има добра сообраќајна поврзаност, до него води асфалтен пат, кој се двои од регионалниот патен правец Пехчево-Делчево.

Селото изобилува со бројни природни и културни убавини, а како најкарактеристични ќе ги издвоиме планината Буковиќ со врвот Орловец (1723 m); археолошките локалитети: Боро; Грамади и Калов Дол, сите населби од доцноантичко време, во непосредна близина на селото; како и црквата „Св. Константин и Елена“.



## МОМЕНТАЛНА СОСТОЈБА



## 5. Опис и карактеристики на објектите кои се наоѓаат во Југоисточниот регион

Регионот се наоѓа во крајниот југоисточниот дел од Република Северна Македонија и зафаќа вкупна површина од 2835 км$^2$ односно 10.9 % од вкупната површина на државата. Ги опфаќа басенот на Струмичко-радовишката и Гевгелиско-валандовската Котлина, масивите на планините Беласица на југ, Огражден на исток, Плачковица на север, Срта во централниот дел и источната страна на Кожуф планина, како и долините на реките Вардар и Струмица. Југоисточниот плански регион го сочинуваат вкупно 10 општини, и тоа Богданци, Босилово, Валандово, Василево, Гевгелија, Дојран, Конче, Ново Село, Радовиш и Струмица, во кои има 188 населби, од кои како урбани целини се издвојуваат само 6 населби и тоа Струмица, Радовиш, Гевгелија, Валандово, Богданци и Дојран.

Со јужниот дел, регионот се граничи со Република Грција, на исток со Република Бугарија, а на север и запад со Источниот и Вардарскиот регион. Според податоците во 2002 г. овде живееле 171.416 жители, односно 63.2 ж/км$^2$.

Природното и културното наследство во регионот е бројно и разновидно. Постојат многу поединечни споменици на природата и природни резервати, како и голем број на археолошки наоѓалишта и културно историски споменици.

Од природните атрактивности се издвојуваат:

» Планините Беласица, Плачковица, Огражден и дел од планината Кожуф, кои нудат одлични можности за голем број спортско-рекреативни активности;

» Реките Вардар и Струмица и некои други помали реки;

» Водопадите, меѓу кои Смоларскиот и Колешинскиот водопад, како најголеми и најатрактивни, како и помалите Габровски и Мокрински водопади;

» Моноспитовско Блато, кој претставува природен резерват со изразито богата флора и фауна;

» Езерата: Дојранското езеро кое е заштитено со законот за езерата во Република Северна Македонија и е едно од трите најголеми природни езера во Северна Македонија и зафаќа површина од 42,74 км$^2$. Ова езеро, покрај бројните туристички атрактивности, е едно од најбогатите, а можеби и најбогато во светот со слатководна риба; понатаму вештачките акумулации Мантово, Водоча, Паљурци и Турија, кои претставуваат туристички ресурс за риболовниот туризам;

» Термоминералните извори и бањите: Бањата Банско, во непосредна близина на истоименото село е во подножјето на планината Беласица. Ова е најзначајниот локалитет во регионот во однос на бањскиот туризам. Температурата на водата во изворот кој е во експлоатација изнесува 71°С; Негорски бањи, кои се на наоѓаат на 5 км северозападно од Гевгелија. Термоминералните извори овде се со температура од 38 до 40°С; и многу други природни убавини.

Од богатото културно наследство од Југоисточниот регион ќе ги издвоиме:

» Градовите кои се дел од Југоисточниот регион, а кои изобилуваат со мошне атрактивни и значајни културно-историски знаменитости;

» Археолошките локалитети: Цареви кули кои се наоѓаат на Струмичкото кале; Струминиот гроб, кај село Вељуса; Вардарски Рид за кој наодите велат дека потекнува од бронзеното, а можеби, и од некое постаро доба. Овој локалитет бил еден од најмоќните раноантички градови во целото Повардарие; античкиот град Исарот, кај селото Марвинци, кој се идентификува со древниот град Идомена чие

потекло било од крајот на 5 век пр. н.е.; Римската Терма – с. Банско; и многу други;

» Манастирите и црквите: Манастирот Водоча, со манастирската црква посветена на Св. Леонтие, а за која со сигурност може да се каже дека датира од почетокот на XI век; Црквата Св. Богородица Елеуса (Милостива), во с. Вељуса, која исто така датира од почетокот на XI век; Манастирот Конче, кој потекнува од средината на XIV век со манастирската црква посветена на Св. Стефан;

» Манифестациите: Струмичкиот карневал, кој се одржува во првата половина на месец март. Тогаш овде се собираат илјадници гости од земјата и од странство, а оваа манифестација е влезена во календарот на Светските карневалски манифестации; Балканскиот шампионат во мотокрос, кој се одржува секоја година на патеката “Милци”, една од најквалитетните патеки во Европа за одржување мотокрос трки, на само три километри од градот Гевгелија; Фолк Фест Валандово; Струмица Опен Фестивал, Фестивал на камерен театар Ристо Шишков; Ракијада, Смоквијада и др.

Југоисточниот регион има и голем број различни видови објекти за сместување, исхрана, објекти за забава и разонода, од кои поголеми се хотел Принцес, Фламинго и Аполонија во Гевгелија, хотел Сириус, хотел Глигоров во Струмица; Туристички комплекс Бела Вода во близина на Струмица; хотел ЛаТераса во Дојран и многу др.

# а. Интернат на ОУ „Гоце Делчев“ во с. Вељуса

| Лична карта на објект Интернат ОУ „Гоце Делчев“ с. Вељуса | |
|---|---|
| Работно име на проектот | Манастирски Хотел |
| Регион | Југоисточен |
| Општина | Струмица |
| Населено место | с. Вељуса |
| Објект | Интернат |
| Сопственост | Општина Струмица |
| Локација според google maps | 41.476395, 22.568241 |
| Дејност на објектот | Сместувачки капацитет |
| Препорака за идна дејност | Сместување и инфо центар |

Објектот кој е предмет на студијата се наоѓа во селото Вељуса, општина Струмица. Општината е сместена во Струмичката котлина, која на исток се граничи со Општина Босилово, на запад со Општина Конче, на север со Општина Василево, на југоисток со Општина Ново Село, а на југозапад со Општина Валандово. Општината зафаќа површина од 321,89 км$^2$, а ја сочинуваат 25 населени места и во неа живее вкупно население од 54 676 жители.

Општина Струмица има релативно добра патна сообраќајна мрежа, односно преку регионален патен правец Р1401 се поврзува со автопатот А1, а има директен пристап на магистрален патен правец А4. Останати регионални патни правци кои што поминуваат низ општината се Р1302, Р1401, Р1402, Р1403, Р2432, Р2434. Железничка сообраќајна мрежа не поминува низ општината Струмица, меѓутоа оддалеченоста на општината од најблиските железнички станици во државата е многу мала (Железничка станица Миравци - 38 км; Железничка станица Гевгелија - 48 км; Железничка станица Штип – 66 км).

Селото Вељуса се наоѓа во северозападниот дел на општината, во подножјето на планината Еленица, односно на допирот на подножјето со рамничарскиот дел на Струмичкото Поле, на просечна надморска височина од 350 метри. Од најблискиот град Струмица, селото е оддалечено околу 11 километри. Вељуса претставува развиен рурален центар со добра инфраструктурна уреденост и поврзаност, како асфалтирана патна мрежа, водовод, електрична мрежа, телекомуникациски врски.

Селото и околината изобилуваат со природни и културни знаменитости, сепак од оние најатрактвните секако ќе се спомене Манастирот „Св. Богородица Елеуса (Милостива)“ или Вељушки манастир, со црквата Успение на Пресвета Богородица, потоа споменик на паднати борци од Сремскиот фронт, како и археолошките локалитети Градиште, Чифутка, Чука и др.



## МОМЕНТАЛНА СОСТОЈБА





## ПРЕДЛОГ ПРОЕКТ



# б. Вила во с. Смрдлива Вода

| Лична карта на објект Вила во с. Смрдлива Вода | |
|---|---|
| Работно име на проектот | Сместување |
| Регион | Југоисточен |
| Општина | Гевгелија |
| Населено место | с. Смрдлива вода |
| Објект | Вила |
| Сопственост | Општина Гевгелија |
| Локација според google maps | 41.190071, 22.282800 |
| Дејност на објектот | Сместувачки капацитет |
| Препорака за идна дејност | Сместување |

Објектот кој е предмет на студијата се наоѓа во населбата Смрдлива Вода, во Општина Гевгелија. Општина Гевгелија лежи во најјужниот дел на Република Северна Македонија, до самата граница со Република Грција. Зафаќа површина од 485 км$^2$ и во неа живеат 22.988 жители. Општина Гевгелија има одлична сообраќајна поврзаност. Низ неа, покрај Вардарската долина, поминува една од најзначајните трансферзали со европските патишта (Е-75) и меѓународната железничка пруга Скопје-Солун, кои ги поврзуваат Средна и Источна Европа со јужниот дел на Европскиот континент.

Туристичката населбата Смрдлива Вода, се наоѓа на падините на Кожуф планина, на надморска височина од 850 метри. Од градот Гевгелија е оддалечена околу 24 километри. Оваа населба го зафаќа просторот помеѓу врвовите Флора, Аџибарица, Белези и селото Коњско. Оваа населба, туристички е добро опремена и овде се наоѓа природното лекувалиште - минералните извори Смрдлива вода, каде што посетителите можат да уживаат во прекрасниот амбиент, но и да се лекуваат од голем број заболувања. Како и терени погодни за развој на планинарењето и спорт, особено во месноста Аџибарица, односно во изворишниот дел на реката Цреша.

Целиот овој простор изобилува со пространи дабови и букови шуми, а на само неколку километри оддалеченост се наоѓа Ски центарот „Кожуф“, ловиштето „Милисин“, како и Негорските Бањи.



## МОМЕНТАЛНА СОСТОЈБА



# в. Стара зграда на радио-телевизија
## во град Гевгелија

| Лична карта на објект Стара зграда на радио-телевизија во град Гевгелија | |
|---|---|
| Работно име на проектот | Ресторан |
| Регион | Југоисточен |
| Општина | Гевгелија |
| Населено место | Гевгелија |
| Објект | Стара радио-телевизија |
| Сопственост | Општина Гевгелија |
| Локација според google maps | 41.139787, 22.503037 |
| Дејност на објектот | Радио-телевизија |
| Препорака за идна дејност | Ресторан |

Гевгелија е еден од најјужните градови во Република Северна Македонија и е расположен во Гевгелиско-валандовската Котлина. Има извонредна туристичко – географска положба благодарени на близината на значајни патни правци, но и близината на Македонско-грчката граница, како и Солунскиот залив.

Природните, климатските и географските погодности, како и богатото културно наследство овозможуваат во општина Гевгелија подеднаков развој на транзитниот, бањскиот, планинскиот, здравствениот, културниот и казино туризам.

Од природното богатство овде ќе ги издвоиме Негорските Бањи кои се наоѓаат на само 4 км северозападно од градот, додека пак од културното наследство овде пред сè ќе го издвоиме локалитетот наречен Вардарски Рид за кој наодите велат дека потекнува од бронзеното, а можеби, и од некое постаро доба. Како и да е, научниците имаат докази дека тој бил еден од најмоќните раноантички градови во целото Повардарие.




## МОМЕНТАЛНА СОСТОЈБА



# 6. Опис и карактеристики на објектите кои се наоѓаат во Пелагонискиот регион

Пелагонискиот регион е лоциран во јужниот дел на Република Северна Македонија и ги опфаќа басените на Пелагониската и Преспанската котлина. Според територијата која ја зафаќа овој регион е најголем со вкупна површина од 4.717 км² или 18.9 % од целокупната територија на Република Северна Македонија.

Пелагонискиот регион опфаќа девет општини, и тоа: Битола, Демир Хисар, Кривогаштани, Крушево, Могила, Прилеп, Ресен, Новаци, Долнени, со вкупно 343 населби, од кои само 5 се урбани населби: Битола, Прилеп, Ресен, Крушево и Демир Хисар. Според пописот на населението, спроведен од страна на државниот завод за статистика, во 2002 година, евидентирани се 238.136 жители, со што овој регион е еден од најретко населените во државата, со просечна густина на населеност од 49.5 ж/км². Највисока концентрација на население од 160.925 жители или 67,6 % од вкупниот број жители е во градските населби.

Пелагонискиот регион располага со богато природно и културно-историско наследство од различен вид. Разновидноста и богатството на културно-историското и природно богатство даваат висок потенцијал за развивање на различни видови на туризам.

Од природните туристички вредности најголем белег во просторот оставаат:

» Националните паркови: Во Пелагонискиот регион се наоѓаат два национални парка, националниот парк Пелистер и националниот парк Галичица. НП Пелистер претставува првото прогласено заштитено природно богатство во Република Северна Македонија (1948 година), додека пак Националниот парк Галичица, е прогласен за национален парк во 1958 година. Во рамките на НП Галичица се наоѓа и природна реткост, островот Голем Град во Преспанското Езеро кое зафаќа површина од 1 км². И двата парка имаат големо национално, европско и глобално значење;

» Планините: Баба со највисокиот врв Пелистер (2601 м), Бушева планина, Даутица, Бабуна, Селечка Планина, Ниџе, Галичица, Плакенска и многу др.;

» Езерата и реките: Во Пелагонискиот регион се наоѓа Преспанското езеро кое претставува атрактивен туристички мотив, посебно во развојот на езерскиот туризам во регионот. Тоа е второто по големина природно езеро во државата и зафаќа површина од 284 км²; овде се наоѓаат и двете глацијални езера Големото и Малото Езеро – Пелистерските Очи или т.н. Горски Очи, кои имаат значајна хидрографска особеност; понатаму тука се и вештачките акумулации Стрежевско и Прилепско езеро; како и Црна и Градешка Река, која е подрачје заштитено со закон, како природна реткост.

» Останати заштитени подрачја: Природниот резерват Езерани се наоѓа на северното крајбрежје на Преспанското Езеро. Зафаќа површина од 2080 хектари, а е прогласен за заштитен резерват од 1996 година; локалитетот Марковите кули се наоѓа во близина на Прилеп, прогласен е за споменик на природата и е составен од бројни денудациони форми коишто претставуваат извонредна скулптура на релјефот; Строгиот природен резерват „Локви“ кај Големо Коњари во близина на Прилеп;

» Пештери и пропасти: Рамниште; Самоска Дупка; Лесковечка пештера; Змеова пештера; Мелничка Пештера; Провалата; Дуова Пештера и други.

Пелагонискиот регион располага со богато културно-историско наследство од различен вид. Во овој регион посебно се издвојуваат:

» Градовите кои изобилуваат со културно историски споменици, особено старите градски архитектури на Битола, Прилеп и Крушево;

» Археолошки локалитети: античкиот град Хераклеја Линкестис, основан од Филип II во 349 г. пр. н.е.; античкиот град Стибера, кој за прв пат во историските извори се спомнува во 200 година пр. н.е.; Марковите кули – тврдина, остаток од средновековен град; античката кралската гробница во Бонче и многу др.;

» Манастирите и црквите: Во Пелагонискиот регион се наоѓаат едни од најзначајните манастири и цркви во државата и голем дел од нив се ставени под заштита на државата како споменици на културата. Тука се, Манастирот Трескавец, кој се наоѓа под Златоврв на десетина километри северозападно од Прилеп, Манастирот Св. Преображение, во селото Зрзе кој потекнува од XIII век; Манастирот Св. Архангел Михаил во Варош; Манастирот во Курбиново, за кој се претпоставува дека потекнува од крајот на XII век а е посветен на Св. Ѓорѓи; Манастирот Св. Јован Претеча од 14 век, во близина на селото Слепче; Црквите Св. Петар, Св. Илија и Св. Петка, на островот Голем Град; Црквата Св. Сава во Претор, изградена во 14 век; Црквата Св. Богородица во Јанковец; Црква Св. Илија во с. Грнчари од 13 век и многу други;

» Спомениците од поновата историја: Споменикот Илинден или Македониум; Споменикот „Мечкин Камен”; Спомен Куќа на Блаже Конески; Могилата на непобедените, Меморијален комплекс во спомен паркот на Револуцијата во Прилеп; и други

» Манифестации: Регионот со својата историја и културно богатство овозможува одржување на голем број манифестации од различен карактер, како најпознати се Интернационалниот фестивал на филмската камера – Браќа Манаки, првиот и најстариот светски филмски фестивал посветен на светските кинематографери; Крушево - етно град; Фестивал Пеце Атанасоски; Карневал Прочка; Битолско културно лето – Бит Фест; Војдан Чернодрински – театарски фестивал; Илинденски денови; Денови на Крали Марко; Локум фест; Пиво фест – Прилеп; Преспански јаболкобер итн.

» Музеи и галерии: Народен музеј во Битола; Музејот за тутун во Прилеп; Галеријата на икони во Прилеп; Музеј на Илинденското востание и Крушевската Република во Крушево; Етнолошки музеј во село Подмочани и др.;

» Рурална архитектура: селата Манастир, Дихово, Маловиште, Нижеполе, Слепче, Брајчино, Љубојно, Долно Дупени итн. се одликуваат по својата стара рурална архитектура и по својата специфичност.

# А. Дом на културата во с. Добрушево

| Лична карта на објект Дом на култура Добрушево | |
|---|---|
| Работно име на проектот | Современ хотел и ресторан за настани |
| Регион | Пелагониски |
| Општина | Могила |
| Населено место | с. Добрушево |
| Објект | Дом на културата |
| Сопственост | Општина Могила |
| Локација според google maps | 41.168173, 21.482099 |
| Дејност на објектот | Дом на културата |
| Препорака за идна дејност | Хотел и ресторан |

Објектот кој е предмет на оваа студијата се наоѓа во село Добрушево, Општина Могила, во околината на градот Битола. Општина Могила се наоѓа во југозападниот дел на Република Северна Македонија, во централниот дел на Пелагонискиот регион. Зафаќа површина од 251,2 км$^2$, во рамките на општината функционираат 23 населени места, а според потписот од 2002 година општината имала 6.710 жители. Има прилично добра географска положба и сообраќајна поврзаност, бидејќи низ нејзиниот централен дел минува патниот правец Е – 106 и железничката пруга Битола – Прилеп. Исто така, централната населба Могила од големиот градски центар Битола, се наоѓа на оддалеченост од само 10 км.

Добрушево се наоѓа во југозападниот дел на Северна Македонија, во срцето на Пелагонија, оддалечено 26 километри североисточно од градот Битола. Тоа е старо село кое што се споменува уште во турските пописни дефтери од 1467/68 година. Инфраструктурно е добро опремено, во рамките на селото има осумгодишно основно училиште, пошта, амбуланта, ветеринарна станица, земјоделска задруга и дом на културата.

Селото изобилува со прекрасни пејзажи и нуди одлични услови за развој на рурален туризам и други спортско рекреативни форми, а богато е и со културно историски споменици кои се наоѓаат во неговата непосредна околина. Во рамките на селото е црквата „Вознесение Христово“ или „Свети Спас“, додека пак во непосредната околина се наоѓаат три археолошки локалитети и тоа: Ерековски Ливади, населба од римско време која е на оддалеченост од само 1 км северозападно од селото; Плочи, населба од римско време, исто така на само 1 км оддалеченост северно од селото и Селиште, некропола од среден век.



# МОМЕНТАЛНА СОСТОЈБА





ПРЕДЛОГ ПРОЕКТ



# б. Училишна зграда во с. Мојно

| Лична карта на објект Училишна зграда во с. Мојно | |
|---|---|
| Работно име на проектот | Објект за сместување за активен туризам |
| Регион | Пелагониски |
| Општина | Могила |
| Населено место | с. Мојно |
| Објект | Училишна зграда |
| Сопственост | Општина Могила |
| Локација според google maps | 41.148514, 21.567259 |
| Дејност на објектот | Училишна зграда |
| Препорака за идна дејност | Објект за сместување за активен туризам |

Објектот кој е предмет на оваа студијата се наоѓа во село Мојно, Општина Могила.

Селото Мојно се наоѓа во северниот дел на Битолското Поле, на северозападната падинска страна на Селечка Планина. Тоа е мало, ридско село од збиен тип, кое се наоѓа на надморска височина од 710 метри и зафаќа површина од 16,5 км². Според последниот попис од 2002 година, во селото Мојно живееле 71 жител. Од градот Битола, селото е оддалечено некаде околу 30 километри.

Селото е сместено во прекрасен природен амбиент, инфраструктурно е слабо опремено, а како старо село изобилува со културни споменици. Од позначајните археолошки наоѓалишта кои се наоѓаат во негова близина се: Бел Камен, населба од железно и доцноантичко време, на околу 2 км западно од селото; Еленик (познат и како Градиште и како Марин Град), населба од хеленистичко и доцноантичко време; Лилјак, населба од железно време, на околу 1,8 км источно од селото; Шипур, населба од римско време и старохристијанска базилика и Рупа, населба од доцноантичко време, кое се наоѓа на околу 700 м североисточно од селото. Во рамките на селото се наоѓа и селската црква „Св. Атанасиј“, изградена во 1871 година.



## МОМЕНТАЛНА СОСТОЈБА



# в. Стара училишна зграда во с. Кривогаштани

| Лична карта на објект Училишна зграда во с. Мојно | |
|---|---|
| Работно име на проектот | Објект за сместување за активен туризам |
| Регион | Пелагониски |
| Општина | Могила |
| Населено место | с. Мојно |
| Објект | Училишна зграда |
| Сопственост | Општина Могила |
| Локација според google maps | 41.148514, 21.567259 |
| Дејност на објектот | Училишна зграда |
| Препорака за идна дејност | Објект за сместување за активен туризам |

Објектот кој е предмет на оваа студијата се наоѓа во село Кривогаштани, Општина Кривогаштани.

Општина Кривогаштани се наоѓа во крајниот северозападен дел на Прилепското Поле. На запад е Бушова Планина, а на југ, исток и север се простира Пелагониската Котлина. Зафаќа површина од 93,57 км$^2$, во рамките на општината функционираат 11 населени места, а според потписот од 2002 година општината имала 6150 жители. Општината има прилично добра сообраќајна поврзаност, бидејќи низ нејзиниот централен дел минува регионалниот патен правец Р-1306: Прилеп-Кривогаштани-Крушево-Сладуево, како и регионалниот пат Р-2335: Вашарејца-Бучин-Обршани-Кривогаштани-Ропотово и Р-2339: Ново Лагово-Галичани-Обршани-Бучин-Граиште.

Селото Кривогаштани, лежи помеѓу градовите Прилеп и Крушево, на надморска височина од околу 600 метри. Од градот Прилеп е оддалечено 19 км, а од градот Крушево 11 км. Тоа е старо село, кое што се споменува како Кривогаштане во грамота на царот Стефан Душан за манастирот Трескавец од XIV век. Денес, според последниот попис од 2002 година во него живеат 1 870 жители.

Селото е инфраструктурно добро опремено, во рамките на селото има осумгодишно основно училиште, детска градинка, пошта, амбуланта, ветеринарна станица, и др. Во селото и неговата околина има и голем број на културни знаменитости: археолошките локалитети: Крајни Ѕид - осамен наод од римско време; Св. Димитрија - осамен наод од римско време; Св. Никола - осамен наод од римско време; Градиште - неопределено од непознат период; Манастириште - неопределено од непознат период; Св. Пречиста - црква и некропола од непознат период; како и црквите: Св. Теодор Тирон, Св. Димитриј Св. Никола и Воведение на Пресвета Богородица – Пречиста. Исто така, во Кривогаштани традиционално секоја година се одржува и манифестацијата Денови на македонска народна носија.



## МОМЕНТАЛНА СОСТОЈБА



# 7. Опис и карактеристики на објектите кои се наоѓаат во Полошкиот регион

Полошкиот регион се наоѓа во северозападниот дел на Северна Македонија и ја опфаќа Полошката котлина, Мавровската висорамнина, планинскиот масив Бистра и долината на реката Радика. Во овој регион влегуваат 9 општини: Тетово, Теарце, Јегуновце, Желино, Боговиње, Гостивар, Брвеница, Врапчиште и Маврово и Ростуша) со 184 населени места, од кои 182 се рурални и 2 урбани населби: Тетово и Гостивар.

На вкупна површина од 2416 км2 , живеат околу 304.125 жители. Регионот располага со добри сообраќајници и со еден автопатен правец: Скопје - Тетово - Гостивар, една железничка пруга Скопје- Тетово – Гостивар - Кичево, неколку жичници и ски-лифтови на ски-центрите Попова Шапка и Маврово. Од овој регион се одвојуваат сообраќајници кон мавровско – дебарскиот крај и кон Косово. Низ регионот има поголем број локални правци.

Овој регион изобилува со величенствени природни убавини, од кои се издвојуваат:

- Планини: Кораб (2764) на која има 12 глацијални езера, атрактивни речни долини со клисури и кањони, брзаци, водопади, богата вегетација итн.; Шар Планина (2747), типична планина со алпски предели на високи и стрмни врвови, 27 планински езера, високи водопади, 100-тина извори итн.; Бистра (2163), Дешат (2373 ), Крчин (2341), Стогово (2268), Бистра (2163 м.).
- Кањон на реката Радика;
- Мавровско вештачко езеро
- Пештери: Шаркова Дупка на Бистра и Ѓоновица или Убавица на планината Буковиќ и пештерите на планината Сува Гора и др.
- Реки: Вардар, Пена, Радика, Мавровска, Боговинска, Маздрача, Падалишка и др.
- Водопади: Беловишки водопад, Дуф и др.
- Национален парк Маврово каде се среќаваат интересни геоморфолошки облици (речни долини, клисури, водопади, леднички езера, карстни полиња, пештери, специфична флора и фауна итн.

Најпознати културно – историски споменици во регионот се:

- Лешочки манастир, Св. Јован Бигорски, Шарената џамија, Арабати – Баба теке (XVIII), Тетовско Кале, соборна црква Св. Кирил и Методиј, црква Св. Богородица, манастир Св. Наум на Попова Шапка, црква Св. Никола, Саат кула, црква Св. Никола, црква Св. Успение на Богородица и други.

Во Полошкиот регион се наоѓаат најпознатите скијачки центри во Македонија: Попова Шапка и Маврово, опремени современа патна и туристичка инфраструктура. Во овие центри се организираат повеќе манифестации од кои најпознати се Шарпланинскиот скијачки куп и Мавровскиот меморијал. Покрај нив во регионот има и други настани и манифестации: Галичка свадба, Снежен Град, Тетовски фестивал, Лешочки фолк фест, Тетовски хорски одѕиви и други.

**Имајќи ги во предвид наведените природни и културни вредности на регионот, неоспорен е фактот дека потенцијалот за развој на различни видови туризам е огромен.**

Во регионот има поголем број на хотели и други објекти за преноќување, како и голем број ресторани и други угостителски објекти.

# а. Одмаралиште „Бунец“ во Маврово

| Лична карта на објект Детското одмаралиште Бунец | |
|---|---|
| Работно име на проектот | Мултифункционален Хотел |
| Регион | Полошки |
| Општина | Маврово-Ростуше |
| Населено место | Маврови анови |
| Објект | Одмаралиште |
| Сопственост | РСМ и други министерства |
| Локација според google maps | 41.730423, 20.789458 |
| Дејност на објектот | Одмаралиште |
| Препорака за идна дејност | Хотел, ресторан, базен, жичара мини голф терен итн. |

Објектот кој е предмет на студијата се наоѓа во општината Маврово – Ростуше, во населеното место Маврови анови. Ова населено место се наоѓа на надморска висина од 1159 метри, од каде се пружа величествен поглед на регионот. Освен богатството природни вредности: Корапскиот водопад, Мавровското езеро, голем број реки и пештери, во селото и околината има и значајни археолошки локалитети: Кожа, Црквиште, Ѓоновица, Сув Дол, Шаркоски Рид, Реџов Гроб и други, како и бројни цркви и манастири: Св. Димитриј, Св. Никола, Св. Петка, врбенски манастир, Св. Варвара, Св. Кирил и Методиј, Св. Јован Крстител, Св. Спас и други.

Во околината на Маврови анови во радиус од 10-тина км има повеќе угостителски објекти кои нудат услуги за сместување, исхрана и пијалак.

Обновата и преименувањето на поранешното детско одмаралиште Бунец, во мултифункционален хотел ќе придонесе за привлекување туристи и валоризација на природните и културните вредности на местото.



## МОМЕНТАЛНА СОСТОЈБА





ПРЕДЛОГ ПРОЕКТ



## 8. Опис и карактеристики на објектите кои се наоѓаат во Североисточниот регион

Североисточниот регион ги опфаќа општините на крајниот североисточен дел на Северна Македонија, вдолж границата со Република Србија, односно сливното подрачје на реката Пчиња и Крива Река.

Во овој регион влегуваат 6 општини: Куманово, Липково, Старо Нагоричане, Ранковец, Кратово и Крива Паланка со 192 населени места, од кои 189 се рурални и 3 урбани населби: Куманово, Крива Паланка и Кратово. Вкупната површина на регионот изнесува 2310 км2, со околу 174.276 жители. Густината на населението изнесува 75,4 жители на км2.

Регионот се граничи со Република Србија и Република Бугарија и се карактеризира со добра инфраструктурна национална и меѓународна поврзаност.

Од природните убави на североисточниот регион се издвојуваат:

- Планини: Осоговски Планини (2252 м.), Козјак (1326 м.), Герман (1387 м.), Билина Планина (1703 м.) и други.
- Природни денудациони форми: Базалтни плочи „Костоперска карпа“ во Младо Нагоричане, остатоци од мали вулкански купи, вулкански бомби, камени кукли на локалитетите „Куклица“ и Цоцев Камен и др.
- Бањи: Кумановска Бања – с. Проевце и Стрновац - бања во истражување и изградба.
- Реки: Пчиња, Крива Река, Кратовска Река и др.
- Езера: вештачките езера: Липковско и Глажња.

Од културно историското наследство во регионот највпечатливи се:

- Мегалтската опсерваторија „Кокино“.
- Цоцев Камен
- Големо градиште во с. Коњух
- Спомен музеј на АСНОМ во Пелинце
- Цркви и манастири: Св. Богородица во с. Мајтече, Св. Ѓорѓи во с. Старо Нагоричане, Св. Пресвета Богородица – Карпински кај с. Орах, костурницата Зебрњак, Св.Јоаким Осоговски кај Крива Паланка, Св. Ѓорѓи Кратовски, Св. Никола Чудотворец и Св. Јован Претеча во Кратовско и други.

Во североисточниот регион се организираат повеќе настани и манифестации: „Тумба фест“, „Денови на комедијата“ и „Меѓународен џез фестивал“ во Куманово, „Златни денови“ во Кратово, Фолклорен фестивал „Свети Јоаким Осоговски“ во Крива Паланка, разни ликовни колонии (ликовна колонија „Свети Јоаким Осоговски) и друго.

Во регионот има околу 10 -тина објекти за сместување и голем број угостителски објекти за исхрана, пијалак, забава и разонода.

# А. Месна заедница во с. Орашац

| | |
|---|---|
| Работно име на проектот | Мултифункционален спортски сместувачки објект |
| Регион | Североисточен |
| Општина | Куманово |
| Населено место | с. Орашац |
| Објект | Задруга |
| Сопственост | Општина Куманово |
| Локација според google maps | 42.064277, 21.799737 |
| Дејност на објектот | Задруга |
| Препорака за идна дејност | Сместување, игралиште, вештачка карпа итн. |

Објектот кој е предмет на студијата се наоѓа во село Орашац, општина Куманово. Селото изобилува со прекрасни пејзажи и одлични услови за спортско-рекреативни активности.

Се наоѓа во близина на регионалниот пат Куманово – Свети Николе - Штип, а до селото има асфалтиран пат. Секако дека се потребни се инвестиции во патна и друга инфраструктура со цел создавање услови за развој на туризмот.

Во селото се наоѓа црквата Св. Никола, а градот Куманово е оддалечен 10-тина км, што значи дека има објекти кои нудат услуги за сместување, исхрана и забава.

Предлогот за обнова и преименување на старата селска задруга и изградба на мултфункционален спортски сместувачки објект првенствено произлегува од конфигурација на теренот и окружувањето во кој истиот се наоѓа, постоење на спортско игралиште кое треба да се обнови, можноста за изградба на дополнителни спортски терени,  како и одличните природни услови за спорт и рекреација.



## МОМЕНТАЛНА СОСТОЈБА





ПРЕДЛОГ ПРОЕКТ



# б. Конаци на црквата „Св. Богородица“ во с. Матејче

| Лична карта на објект Манастирски конаци на црквата „Св. Богородица“ во с. Матејче | |
|---|---|
| Работно име на проектот | Сместување и ресторански дел |
| Регион | Североисточен |
| Општина | Липково |
| Населено место | с. Матејче |
| Објект | Манастирски конаци |
| Сопственост | РСМ |
| Локација според google maps | 42.108999, 21.552964 |
| Дејност на објектот | Манастирски конаци |
| Препорака за идна дејност | Сместување и ресторански дел |

Селото Матејче се наоѓа во општината Липково, во близина на градот Куманово. Општината покрај Матејче опфаќа уште 21 село на падините на Скопска Црна Гора и македонскиот дел на Котлината Жеглигово, по течението на Липковска река.

Селото е сместено во прекрасен природен амбиент и изобилува со пејзажи.

Матеичкиот манастир во чиј состав се наоѓаат манастирските конаци и црквата посветена на Св. Богородица се наоѓаат на височина од 1005 метри на југоисточните падини на Скопска Црна Гора, од нејзината Кумановска страна. Од манастирот се пружа величествен поглед на Скопска Црна Гора. Манастирската црква која датира од 14 век, заедно со конаците беа обновени и оспособени за престој на посетителите, но во воениот конфликт во 2001 година, истите беа оштетени.

Патот до манастирскиот комплекс исто така е оштетен, а нема ни струја. Оставен на забот на времето овој објект пропаѓа иако крие богата историја и претставува најрепрезентативниот споменик на византиската уметност на македонската почва од македонски стил и ремек-дело на дворскиот стил кој што бил карактеристичен за епохата на Палеолозите. Според записите, во олтарот на црквата имало капела која потекнува од 12 век, а во 14 век во манастирот се одвивал богат монашки живот и се вршела книжевна дејност.

Во радиус од околу 6-7 км од селото има угостителски објекти за исхрана и пијалак, но не постојат објекти кои нудат услуги за сместување.

Обновувањето на манастирските конаци во кои би се давале услуги за сместување, храна и пијалак, како и обнова на црквата повторно ќе го заживее местото и ќе ги врати посетителите.



## МОМЕНТАЛНА СОСТОЈБА



# в. Зграда на Црвен Крст во Кратово

| Лична карта на објект Црвен Крст во Кратово | |
|---|---|
| Работно име на проектот | Тренинг и инфо центар |
| Регион | Североисточен |
| Општина | Кратово |
| Населено место | Кратово |
| Објект | Црвен крст |
| Сопственост | Општина Кратово |
| Локација според google maps | 42.078611, 22.181639 |
| Дејност на објектот | Црвен крст |
| Препорака за идна дејност | Тренинг и инфо центар |

Градот Кратово е еден од најстарите градови во Северна Македонија и е сместен во грлото на изгаснат вулкан во прекрасен природен амбиент на западниот дел на планината Осогово. Низ него тече Кратовска река и уште три помали реки.

За постоењето на Кратово раскажувал Хомеровиот еп „Илијада“ во 6 век п.н.е. Како доказ служат и монетите од времето на Адолион Пајонски, крал кој владеел од 315 до 285 год. пр. н.е. Во тоа време, градот тргувал со злато, сребро и бакар.

Градот е поврзан со регионалниот пат Р-206 кој овозможува поврзување на градот со другите магистрални патишта.

Покрај прекрасните природни убавини Кратово има и значајни културни знаменитости: црквата Св. Никола Чудотворец која се наоѓа во Царина маало, црквата Св. Јован Претеча која се наоѓа во Рибарското маало и црквата Св. Ѓорѓи Кратовски лоцирана на старите гробишта. Од археолошките наоѓалишта се издвојуваат: Златен Град, Големо Градиште, Куклица, праисториската опсерваторија Цоцев Каман и др.

На околу 30-тина км од ова прекрасно гратче со типична староградска македонска архитектура, познато по своите кули и мостови се наоѓа Лесновскиот манастирски комплекс, еден од најзначајните културно историски знаменитости во регионот и земјата.

Во Кратово се одржуваат неколку настани и манифестации: Лесновски ѕвона, Златни денови и Компиријада. Во градот има угостителски објекти кои нудат услуги за сместување, исхрана и пијалак.

Обновувањето и преименувањето на стариот објект на Црвениот крст во тренинг и инфо центар значително ќе влијае врз зголемување на посетеноста во градот кој нуди одлични услови за развој на алтернативни туристички форми.




## МОМЕНТАЛНА СОСТОЈБА



## 9. Опис и карактеристики на објектите кои се наоѓаат во Скопскиот регион

Скопскиот регион се наоѓа во северниот дел на Република Северна Македонија и го опфаќа басенот на Скопската котлина. На вкупна површина од 1812 км2, лоцирани се 10 градски (Центар, Карпош, Кисела Вода, Аеродром, Гази Баба, Бутел, Чаир, Ѓорче Петров, Сарај, и Шуто Оризари) и 7 приградски општини (Сопиште, Студеничани, Зелениково, Петровец, Илинден, Арачиново и Општина Чучер Сандево). Регионот се карактеризира со изразито густа населеност од 319 жители/км2 или околу 578.144 жители. Најголемиот дел од населението, околу 88 % живее на територијата на град Скопје.

Скопскиот регион располага со значајни природни и културно историски вредности и нуди одлични можности за развој на различни видови туризам.

Од природните атрактивности се издвојуваат:

» Планини: Водно (1066 м), Скопска Црна Гора (1653 м.), Жеден (1259 м.), Китка (1589 м.), Караџица (2217 м.) и други, кои нудат одлични можности за голем број спортско-рекреативни активности;

» Кањонот Матка на реката Треска кој располага со голем број пештери, меѓу кои и најдлабоката подводна пештера во Европа, Врело со откриени 212 метри длабочина. Овој кањон нуди одлични можности за спелеолошки и спортско рекреативни активности;

» Реки: Вардар, Треска, Лепенец, Патишка река, Кадина река и други; вештачки езера Матка и Козјак; природниот резерват Јасен, локалитет со изразито богата флора и фауна; Катлановска бања и други природни убавини.

Од богатото културно наследство од Скопскиот регион ќе издвоиме:

» Археолошки локалитети „Скупи“, неолитската населба „Тумба Маџари“, скопското Кале, Римскиот аквадукт, „Таор“ и други.

» Скопската стара чаршија во која се наоѓаат голем број споменици од минатото: Даут Пашин амами, Чифте амам, Сули Ан, Куршумли Ан, Капан ан, Безистен, Мустафа пашина џамија, Султан Муратова џамија, Јахја пашина џамија и други.

» Камениот мост.

» Цркви и манастири: манастир Св. Пантелејмон – Нерези (1345 г.), манастир Св. Андреј (1389 г.) - Матка, Марков манастир Св. Димитрија – с. Сушица, манастир Св. Никола – с. Шишево, манастир Св. Спас, црква Св. Богородица, Св. Димитрија, Св. Ѓорѓи, Соборна црква Св. Климент Охридски и други.

» Музеи: Музеј на Македонија, Музеј на град Скопје, Музеј на современа уметност, Природно-научен музеј, Воен музеј и други.

» Настани и манифестации: Скопски џез фестивал, Скопски филмски фестивал, Скопски лето, Мајски оперски вечери, ОФФ фест, Баскер фест, Пиво фест, Вино скоп, Бела ноќ, Младински отворен театар и многу други.

Во скопскиот регион има голем број различни видови објекти за сместување, исхрана, објекти за забава и разонода.

# А. Месна заедница во населбата Автокоманда

| Лична карта на објект Месна заедница Автокоманда | |
|---|---|
| Работно име на проектот | Младински Хостел |
| Регион | Скопски |
| Општина | Гази Баба |
| Населено место | н. Автокоманда |
| Објект | Месна заедница |
| Сопственост | Општина Гази Баба |
| Локација според google maps | 42.003453, 21.464544 |
| Дејност на објектот | Месна заедница |
| Препорака за идна дејност | Сместување, хостел. |

Објектот кој е предмет на студијата се наоѓа во населбата Автокоманда, општина Гази Баба. Општината е сместена во Скопската котлина, а делови од неа ги зафаќаат падините на планината Скопска Црна Гора. Има одлична пристапност и автопат А2 од Република Србија, преку Е871 од Република Бугарија, преку Е75 и Автопат Пријателство од Грција, преку Е852 и Е65 од република Албанија. Таа е комуникациска и транспортна порта на Скопје, низ неа поминуваат многу транспортни коридори, како и 10 километри од обиколницата околу градот.

Населбата Автокоманда во чиј центар се наоѓа објектот, инфраструктурно е опремена со сите потребни објекти за урбано живеење, лоцирана е во подножјето на парк шума која претставува целосно оформен биотоп. Потенцијалните посетители на општината имаат можности да уживаат во разновидни природни и културни знаменитости: Скопска Црна Гора, Смилковско езеро, Дендро парк, Ботаничка градина, археолошки локалитет „Тумба Маџари“, неолитски населби, голем број споменици, цркви и манастири, верски објекти од исламската култура и др. Општината организира голем број настани и манифестации: Меѓународен фолклорен фестивал, „Големата мајка“, Ликовна манифестација Виниче, Пивтијада, Трка за мир, соживот и толеранција, Вкусија Гази Баба и др.

Во однос на сместувачките капацитети, освен хотелот Континентал кој се наоѓа во самата населба и хотелот Камник кој се наоѓа на околу 3 км од населбата, во непосредна близина нема сместувачки капацитети. Изградбата на угостителски објект – хостел би создал услови за привлекување посетители кои ќе се сместат на само 5 км од центарот на градот, во мирно окружување кое со автобуски линии е поврзано со сите делови на градот и околината.




## МОМЕНТАЛНА СОСТОЈБА




YOUTH
HOSTEL





# б. Старо училиште во с. Кучково

| Лична карта на објект Старо училиште во с. Кучково | |
|---|---|
| Работно име на проектот | Објект за сместување со ресторански дел и тренинг центар |
| Регион | Скопски |
| Општина | Ѓорче Петров |
| Населено место | с. Кучково |
| Објект | Старо училиште |
| Сопственост | Општина Ѓорче Петров |
| Локација според google maps | 42.056118, 21.308491 |
| Дејност на објектот | Старо училиште |
| Препорака за идна дејност | Сместување, угостителство. |

Објектот кој е предмет на студијата се наоѓа во селото Кучково, општина Ѓорче Петров која се протега на северозападната страна на Скопската Котлина, од левата страна на реката Вардар. Се наоѓа на 7,6 км од центарот на градот Скопје, а нејзината северна граница се простира вдолж државната граница. Во состав на општината се наоѓаат градски и рурални и населени места.

Селото Кучково каде се наоѓа објектот на старото училиште, се наоѓа на потегот меѓу реките Вардар и Лепенец, на надморска висина од 560 метри. Оддалечено е 15 км североисточно од градот Скопје. Во селото постои инфраструктурно уредување. Во атарот преовладуваат пасишта, обработливо земјиште и шума. Селото и околината изобилуваат со природни и културни знаменитости. Љубителите на природата може да уживаат во природните реткости: Девојачки камен, Миочи – извор на лековита вода, месноста Коњска нога, како и да уживаат во рекреативни и спортски содржини. Од културните знаменитости треба да се споменат: Големата Кула, Кучковскиот манастир, црквата Св. Трифун, црквата Св. Петка црквата Св. Недела и други.

Во селото Кучково и неговата околина има неколку угостителки објекти за храна и пијалак: Етно село Долија, Старо Буре, Борд Лајф винарија и други, но нема објекти кои нудат услуги за сместување. Изградба на објект кој сместување со ресторански дел и тренинг центар ќе придонесе за привлекување туристи и развој на алтернативни форми на туризам со природни и културни особености.



## МОМЕНТАЛНА СОСТОЈБА



# в. Културен дом во с. Булачани

| Лична карта на објект Културен дом во с. Булачани | |
|---|---|
| Работно име на проектот | Објект за сместување со инфо центар |
| Регион | Скопски |
| Општина | Гази Баба |
| Населено место | с. Булачани |
| Објект | Културен дом |
| Сопственост | Општина Гази Баба |
| Локација според google maps | 42.070989, 21.503692 |
| Дејност на објектот | Културен дом |
| Препорака за идна дејност | Сместување, инфо центар. |

Селото Булачани се наоѓа во општина Гази Баба, на падините на Скопска Црна Гора, на надморска височина од околу 500 метри. Има многу убава местоположба со прекрасен поглед на целата Скопска Котлина. Селото е поделена на 7 маала, од кои четири лежат на левата страна на долинската падина на Булачанската речица, а останатите 3 на десната страна и носат заедничко име Рид Маало.

Селото изобилува со прекрасни пејзажи и нуди одлични услови за развој на рурален туризам и други спортско рекреативни форми. Во селото има патна и комунална инфраструктура. Од културните знаменитости треба да се споменат црквата Св. Јован Крстител, црквата Св. Никола, како и други цркви кои се наоѓаат во околните села: Раштак, Виниче, Црешево итн. Во близина на селото се наоѓа и археолошкиот локалитет Кула, а треба да се напомене дека и околните села имаат располагаат во археолошки локалитети кои би можеле да бидат привлечни за посетителите.

Во околината на селото има неколку угостителски објекти за храна и пијалаци и еден мотел на оддалеченост од 1 км. Непостоењето на сместувачки капацитети и информативен центар се сериозни пречки за развој на туризмот во овој дел на регионот. Обнова и преименување на стариот Културен дом, во објект за сместување и инфо центар сигурно ќе придонесе за развој на одредени форми на туризам не само во селото, туку и во околината.



## МОМЕНТАЛНА СОСТОЈБА



# III. МЕРКИ И ПРЕПОРАКИ ЗА ПОНАТАМОШНИ АКТИВНОСТИ

Студијата предлага мерки и препораки за понатамошни активности поврзани со објектите, како усогласување на законската регулатива и промоција на објектите кои се дадени подолу во текстот.

## 1. Мерки и препораки за усогласување на законската регулатива

Во поглед на усогласување на законската регулатива кој е директно и индиректно поврзана со студијата, предлагаме формирање на координативно тело за неискористени објекти кои се интересни за странски инвеститори. Ова координативно тело би требало да биде составено од членови на сите заинтересирани страни кои имаат интерес од искористувањето на дадените објекти, како:

- » Министерството за економија, локалните самоуправи, регионалните центри, Министерство за труд и социјална политика, како и Министерството за животна средина и просторно планирање како регулатори и контролори на искористувањето на туристичкиот потенцијал на претходно идентификуваните објекти; и
- » Невладини организации, Комори и здруженија од областа на туризмот (истражување, документирање, заштита).

Координативното тело, би требало да постави динамика на активности во кои ќе биде усогласена законската регулатива согласно стратешките приоритети за искористување на овие објекти, како и план за нивна промоција на странските инвеститори. Координативното тело, би требало да се потруди да ги мапира сите објекти на територијата на Република Северна Македонија кои се потенцијал за инвестиција во туристички цели (за потребите на оваа студија, податоци испратија 30 општини од вкупно 80, што претставува 37.5% од општините во земјава). Ова тело би имало и задача да организира периодични состаноци и форуми (конференции) за подобрување на активностите околу евиденцијата и промоцијата на овие објекти.

## 2. Мерки и препораки за идно користење на објектите и нивна промоција

Во студијата беа презентирани 22 објекти кои може да бидат интересни за странски инвеститори од областа на туризмот. За овие објекти, во студијата се дадени препораки за нивната идна дејност, согласно капацитетите со кои располагаат и степенот на туристички развој на регионот.

Промоцијата на овие објекти за странски инвестиции, може да биде направена на три нивоа и тоа:

- » Национална промоција: Министерство за економија, Министерство за локална самоуправа, Министерство за животна средина и просторно планирање, Министерство за труд и социјална политика, Државна агенција за поддршка и промоција на туризмот, Агенција за странски инвестиции и промоција на извозот;
- » Регионална промоција: Регионалните центри на осумте плански регион; и
- » Локална промоција: 80 општини на територијата на Република Северна Македонија.

Студијата може да биде дистрибуирана и понудена на странските инвеститори преку електронските медиуми, поставување на официјалните веб страни на институциите, социјални мрежи, распространување во печатен формат на меѓународни саеми за туризам, меѓународни конференции и конвенции, бизнис состаноци, преку меѓународни здруженија и асоцијации за туризам, амбасади и конзуларни претставништва и др.

# ПРИЛОЗИ

Прашалник за неискористени објекти на територија на општината кои може да се понудат на странски инвеститори за туристичка намена.

| | | |
|---|---|---|
| 1 | Општина | |
| 2 | Објект | |
| 3 | Адреса | |
| 4 | Катастарска парцела-број | |
| 5 | Имотен лист-број (во прилог скениран) | |
| 6 | Дејност на објектот (школо, месна заедница, културен дом итн.) | |
| 7 | Сопственост на објектот | |
| 8 | Надлежност на објектот (општина, институција, министерство итн.) | |
| 9 | ГПС координати | |
| 10 | Сообраќајна поврзаност | |
| 11 | Претходно изготвени документи за објектот | - основен<br>- идеен<br>- нема |
| 12 | Туристички капацитети во близина (сместување, исхрана и др.) | |
| 13 | Туристички атракции (природа, културни споменици, настани и др.) | |
| 14 | Останати важни аспекти поврзани со објектот | |
| 15 | Дата | |
| 16 | Составил | |

# ЛИТЕРАТУРА


» Dwyer, L., Forsyth, P. (1994) Foreign tourism investment: Motivation and Impact. Annals of Tourism Research, 21(3), pp.512-537

» Karimi-Petanlar, S., Rasekhi, S., Ebrahimzadeh, S. (2016) The Effect of Foreign Direct Investment on Employment in Tourism Industry: A Case Study of Selected Countries. International Journal of Management, Accounting and Economics, 3(9), pp.459-472

» OECD (2018) OECD Tourism Trends and Policies 2018. Paris: OECD Publishing.

» Ritchie, B., Burns, P., Palmer, C. (2005) Tourism research methods: Integrating theory with practice. Oxfordshire: CAB International.

» Samimi, A., Sadeghi, S., Sadeghi, S. (2013) The Relationship between Foreign Direct Investment and Tourism Development: Evidence from Developing Countries. Institutions and Economies, 5(2), pp.59-68

» The World Bank Group (2017) 20 Reasons Sustainable Tourism Counts For Development. Washington: The World Bank Group.

» United Nations Conference on Trade and Development (2007) Foreign Direct Investment in Tourism: The Development Dimension. New York and Geneva: United Nations.

» UNWTO (2005) General Guidelines for the Development of Foreign Direct Investment Indicators on the Tourism Sector. Madrid: UNWTO.

» UNWTO (2018) Tourism for Development – Volume I: Key Areas for Action. Madrid: UNWTO.

» UNWTO (2019) International Tourism Highlights, 2019 Edition. Madrid: UNWTO.

» World Travel & Tourism Council (2015) European Travel & Tourism: Where are the greatest current and future investment needs? London: World Travel & Tourism Council.

» Глобал Проект Консалтинг (2014) Подстратегија за спортски туризам на Република Македонија. Охрид: АППТРМ.

» Глобал Проект Консалтинг (2014) Подстратегија за традиции и настани на Република Македонија. Охрид: АППТРМ.

» Димитров, Н., Ташков, Н., Методијески, Д. (2015) Водич низ регионите на Македонија. Скопје: АППТРМ.

» Државен завод за статистика (2016) Номенклатура на градежни објекти и градежни работи. Скопје: Државен завод за статистика.

» Државен завод за статистика (2018) Регионите во Република Македонија, 2018. Скопје: Државен завод за статистика.

» Закон за туристичка дејност (2004) Службен весник на СРМ, бр. 62.

» Закон за угостителска дејност (2004) Службен весник на СРМ, бр. 62.

» Закон за туристички развојни зони (2012) Службен весник на СРМ, бр. 141.

» Закон за автокампови (2013) Службен весник на СРМ, бр. 13.

» Закон за планински патеки (2014) Службен весник на СРМ, бр. 38.

» Закон за основање Агенција за промоција и поддршка на туризмот (2008) Службен весник на СРМ, бр. 103.

» Закон за финансиска поддршка на инвестиции (2018) Службен весник на СРМ, бр. 83.

» Закон за основање на Агенција за странски инвестиции и промоција на извозот (2010) Службен весник на СРМ, бр. 57.

» Закон за градежно земјиште (2011) Службен весник на СРМ, бр. 17.

» Закон за Катастар на недвижности (2013) Службен весник на СРМ, бр. 55.

» Закон за приватизација и закуп на градежно земјиште во државна сопственост (2005) Службен весник на СРМ, бр. 4.

» Закон за градење (2009) Службен весник на СРМ, бр. 130.

» Закон за заштита на културното наследство (2004) Службен весник на СРМ, бр. 20.

» Закон за заштита на природата (2004) Службен весник на СРМ, бр. 67.

» Закон за концесии и јавно-приватно партнерство (2012) Службен весник на СРМ, бр. 6.

» Закон за рамномерен регионален развој (2007) Службен весник на СРМ, бр. 63.

» Кол & Партнер (2016) Национална стратегија за развој на туризмот на Република Македонија 2016-2020. Скопје: Министерство за економија.

» МАНУ (2006) Архитектурата на почвата на Македонија од средината на XIX до крајот на XX век. Скопје: МАНУ.

» Министерство за животна средина и просторно планирање (2004) Просторен план на Република Македонија – Стратегија за просторен развој. Скопје: Министерство за животна средина и просторно планирање.

» Министерство за здравство и АППТРМ (2012) Национална стратегија за здравствен туризам на Република Македонија, 2012-2018. Скопје: Министерство за здравство и АППТРМ.

» МЦМС и ЗЕЛС (2010) Адресар на општини во Република Македонија. Скопје: МЦМС и ЗЕЛС.

» Стратегија за регионален развој на Македонија 2009-2019 (2009) Службен весник на СРМ, бр. 119.

» Таргет Комуникации (2012) Национална стратегија за развој на руралниот туризам на Република Македонија 2012–2017. Скопје: Министерство за економија.

» Таргет Комуникации (2012) Потстратегија за конгресен туризам на Република Македонија. Скопје: Министерство за економија.

» Токарев, М. (2006) 100 години модерна литература – Придонесот на Македонија и Југославија (1918-1990), Книга 3. Скопје: Михаил Токарев.

» Центар за развој на Вардарски регион (2015) Програма за развој на Вардарски регион 2015-2019. Велес: Центар за развој на Вардарски регион.

» Центар за развој на Источен регион (2015) Програма за развој на Источен регион 2015-2019. Штип: Центар за развој на Источен регион.

» Центар за развој на Југозападен регион (2015) Програма за развој на Југозападен регион 2015-2019. Охрид: Центар за развој на Југозападен регион.

» Центар за развој на Југоисточен регион (2015) Програма за развој на Југоисточен регион 2015-2019. Струмица: Центар за развој на Југоисточен регион.

» Центар за развој на Пелагониски регион (2015) Програма за развој на Пелагониски регион 2015-2019. Битола: Центар за развој на Пелагониски регион.

» Центар за развој на Полошки регион (2015) Програма за развој на Полошки регион 2015-2019. Тетово: Центар за развој на Полошки регион.

» Центар за развој на Североисточен регион (2015) Програма за развој на Североисточен регион 2015-2019. Куманово: Центар за развој на Североисточен регион.

» Центар за развој на Скопски регион (2015) Програма за развој на Скопски регион 2015-2019. Скопје: Центар за развој на Скопски регион.


ТУРИСТИКА